**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СИНДИКАТ НА**
**ОДБРАНАТА И БЕЗБЕДНОСТА**

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН
# ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ПРЕДЛОГ ЗАКОН
# ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредуваат статусот, правата, обврските, должностите и одговорностите на персоналот на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), како и системот на плати и надоместоци на плати и други прашања во врска со службата во Армијата.

### Член 2

(1) Под служба во Армијата се смета вршење на воени и други должности согласно актот за формација во Армијата.

(2) Како служба во Армијата се смета и вршење должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, воените претставништва на Република Македонија во странство, учество во вежбовни активности и обука, команди и штабови во меѓународни организации и меѓународни воени единици, хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, како и должности во мултинационални воени сили формирани согласно ратификувани меѓународни договори кои Републиката ги склучила или им пристапила.

### Член 3

Служба во Армијата врши воен и цивилен персонал.

1. Воен персонал во смисла на овој закон е:

а) активен воен персонал

- воен старешина-офицер и подофицер и
- професионален војник.

б) воен персонал на стручно оспособување, односно обука

- војник на доброволно служење на воениот рок
- лице на стручно оспособување и усовршување за офицер, односно подофицер и
- питомец на Воена академија.

в) персонал од резервни сили

- персонал од активна резерва
- персонал од општа резерва

2. Цивилен персонал во смисла на овој закон е цивилно лице поставено на должност согласно актот за формација на Армијата.

### Член 4

(1) Воениот персонал врши служба во Армијата со засновање на работен однос со Министерството за одбрана, со школување на Воена академија односно стручно оспособување и усовршување за офицер односно подофицер, со договорен однос, со повикување во резервен состав и со доброволно служење на воениот рок.

(2) Служба во Армијата со засновање работен однос со Министерството за одбрана вршат воени старешини офицери односно подофицери и професионални војници.

(3) Служба во Армијата со школување односно стручно оспособување и усовршување за офицери односно подофицери, вршат питомци на Воена академија и лица на стручно оспособување и усовршување за офицери односно подофицери.

(4) Служба во Армијата со договорен однос врши персонал од активна резерва.

(5) Служба во Армијата со мобилизација врши персонал од општа резерва.

(6) Служба во Армијата вршат војниците на доброволно служење на воениот рок.

(7)Цивилен персонал служба во Армијата врши со засновање работен однос со Министерството за одбрана.

**Член 5**

Службен јазик во Армијата е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

## II. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ

**Член 6**

(1) Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата е должен службата да ја врши совесно, стручно, ефикасно, уредно, навремено и одговорно во согласност со Устав, закон и ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

(2) Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата е должен секогаш и на секое место, без оглед дали се во униформа или не, да води сметка за своите постапки, да ја претставува Армијата и да го чуваат својот углед и достоинство и угледот на Армијата.

<u>Заклетва</u>

**Член 7**

(1) Воениот и цивилниот персонал, при стапување на служба во Армијата, усно дава и писмено потпишува заклетва, која гласи:

„Се колнам дека ќе ги бранам слободата, сувереноста, самостојноста и територијалниот интегритет на Република Македонија. Дисциплинирано, совесно и одговорно ќе ги извршувам обврските и должностите како бранител на мојата татковина Република Македонија и ќе се борам за нејзината слобода и чест”.

(2) Лице кое зборува службен јазик различен од македонскиот јазик, потпишува заклетва на македонски јазик и неговото писмо, како и на тој јазик и неговото писмо.

(3) Еднаш дадената заклетва останува во сила трајно.

(4) Потпишаната заклетва се чува во персоналното досие на воениот и цивилниот персонал.

(5) Начинот и постапката од став (1) на овој член ја пропишува началникот на Генералштабот на Армијата.

(6) Ако воениот и цивилниот персонал одбие да ја даде и потпише заклетвата од став (1) на овој член, ќе се смета дека договорот за работа не е склучен.

Извршување наредба

**Член 8**

(1) Воениот и цивилниот персонал е должен да извршува наредба на претпоставен старешина која се однесува на вршење на службата.

(2) Воениот и цивилниот персонал е должен да извршува и наредба на постар старешина кога не е присутен претпоставениот старешина и кога е неопходно да се преземаат мерки за извршување на неодложни и значајни задачи.

(3) Наредбата од ставовите (1) и (2) на овој член се издава усно или писмено.

(4) Претпоставениот старешина кој издал усна наредба која се однесува на активност чие извршување може да предизвика материјална одговорност за извршителот или се однесува на заштита на животот и здравјето на луѓето и слично, должен е во рок од 24 часа да издаде и писмена наредба.

(5) Наредбата не се извршува ако нејзиното извршување претставува кривично дело.

(6) Ако воениот и цивилниот персонал прими наредба чие извршување претставува кривично дело, должен е веднаш за наредбата да извести претпоставен или постар старешина од лицето кое ја издало наредбата.

(7) Начинот на издавање и извршување на наредбите ги утврдува претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата.

Униформа и работна облека

**Член 9**

(1) Воениот персонал во вршење на службата е должен да носи униформа.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, при извршување на определени задачи за потребите на службата, воениот персонал може да носи цивилна или работна облека.

(3) Времетраење на униформата и работната облека и нејзините делови ги пропишува министерот за одбрана.

**Член 10**

(1) Цивилниот персонал, во зависност од должноста која ја извршува согласно актот за формација на Армијата е должен да носи соодветна работна облека, а при извршување на определени задачи за потребите на службата носи униформа.

(2) Времетраењето на работната облека и униформата и нејзините делови ги пропишува министерот за одбрана на Република Македонија.

Легитимација и посебни исправи

**Член 11**

(1) Во текот на извршување на воената служба, воениот и цивилниот персонал статусот го докажува со легитимација.

(2) Воениот и цивилниот персонал имаат и посебни исправи предвидени со Женевските конвенции во случај на воена состојба и учество во мултинационални воени сили, во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции формирани согласно ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила.

(3) Формата, содржината, образецот и начинот за издавање и одземање на легитимацијата и посебните исправи ги пропишува министерот за одбрана.

Персонално досие

**Член 12**

(1) За воениот и цивилниот персонал се води персонално досие кое содржи податоци и документација во врска со вршењето на служба во Армијата.

(2) Видовите на обрасците и начинот на чување и ракување со персоналните досиеја ги пропишува министерот за одбрана.

Надлежност за донесување наредби

**Член 13**

(1) Наредба за поставување, разрешување, преместување, упатување, застапување и други односи во службата донесуваат:

- министерот за одбрана за воените старешини поставени на должност во Министерството за одбрана, и за воен и цивилен персонал во воени претставништва и хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, во команди и штабови и во други меѓународни организации и меѓународни воени единици,

- началникот на Генералштабот во Армијата за офицерите со чин од мајор до полковник, поставени на должност во Армијата и за сите останати воени старешини, професионални војници и цивилниот персонал поставени на должност во Генералштабот на Армијата,

- командантот на потчинетата команда на Генералштабот на Армијата за воените старешини до чин капетан, професионалните војници, цивилниот персонал и персонал од резервните сили поставени на должности во потчинетата команда и

- командантот на потчинетата команда и единица во ранг на полк-бригада или самостоен баталјон за професионалните војници, цивилниот персонал и персонал од резервните сили поставени на должност во потчинетата команда и единица.

(2) Наредба за преместување на активниот воен персонал и на цивилен персонал од една во друга потчинета команда и единица донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

(3) Преместување на активен воен и цивилен персонал од Министерството за одбрана во Армијата и обратно, се врши по претходна писмена согласност на министерот за одбрана и началникот на Генералштабот на Армијата.

**Член 14**

(1) Наредба за унапредување на воениот персонал, донесуваат:

- министерот за одбрана или од него овластено лице за воените старешини поставени на должност во Министерството за одбрана, како и упатени во воени претставништва и хуманитарни и мировни операции, во команди и штабови и во други меѓународни организации и меѓународни воени единици во и надвор од територијата на Републиката.

- началникот на Генералштабот во Армијата за офицерите со чин мајор и потполковник, поставени на должност во Армијата, за воени старешини и професионални војници поставени на должност во Генералштабот на Армијата и за воени старешини поставени на должност во првопотчинета единица на Генералштабот на Армијата.

- командантот на потчинетата команда на Генералштабот на Армијата за воените старешини до чин капетан, професионалните војници и персонал од резервните сили поставени на должности во потчинетата команда и

- командантот на команда и единица во ранг на полк-бригада или самостоен баталјон за професионалните војници и персонал од резервните сили поставени на должност во потчинетата команда и единица.

**Член 15**

(1) Против наредбите од член 13 од овој закон, во рок од осум дена може да се изјави жалба и тоа:

- против наредбите донесени од министерот за одбрана или од него овластено лице, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен,

- против наредбите донесени од началникот на Генералштабот на Армијата, до министерот за одбрана,

- против наредбите донесени од командантот на потчинета команда односно единица на Генералштабот на Армијата, до началникот на Генералштабот на Армијата и

- против наредбите донесени од командантот на потчинетата команда и единица во ранг на полк-бригада и самостоен баталјон, до командантот на првопретпоставената команда.

(2)Жалбата изјавена против наредбите за поставување, унапредување, разрешување, преместување, упатување, застапување и други односи во службата не ја задржува наредбата од извршување.

**Член 16**

(1) Наредбата од член 13 од овој закон за воениот и цивилниот персонал се изготвува во писмена форма и е составен дел на персоналното досие.

(2) Наредбата од член 13 од овој закон на воениот и цивилниот персонал му ја соопштува првопретпоставениот старешина, а во негово отсуство лицето кое го заменува.

(3) За соопштувањето на наредбата се составува записник кој го потпишуваат лицето на кого му се соопштува наредбата и првопретпоставениот старешина, а во негово отсуство лицето кое го заменува.

(4) Примерок од записникот од став (3) на овој член му се доставува на лицето кому му е соопштена наредбата.

(5) При примање односно предавање на должноста се составува извештај.

**Член 17**

(1)Началникот на Генералштабот на Армијата може да овласти воен старешина поставен на командна или раководна должност во Армијата да потпишува акти, да решава определени прашања и да врши други работи од надлежност на Армијата, освен за акти и работи кои во согласност со закон се во негова надлежност.

(2) Командант на баталјон и повисоко може да овласти воен стрешина поставен во командата - единицата да потпишува акти, да решава определени прашања и да врши други работи од надлежност на единицата, освен за акти и работи кои во согласност со закон се во негова надлежност.

Заштита на правата од службата

**Член 18**

(1)По барањето за остварување на право, односно по жалба поднесена од воениот и цивилниот персонал, надлежниот орган е должен да одлучи во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето, односно жалбата.

(2)Жалбата се доставува до органот надлежен да одлучува по жалба, преку органот кој одлучувал во прв степен.

(3) Воениот и цивилниот персонал кој не е задоволен со конечната одлука донесена по жалба од надлежен орган или не е одлучено во рокот утврден во став (1) на овој член, има право во нареден рок од 15 дена да бара заштита на своите права пред надлежен суд.

.

Носење и употреба на оружје

**Член 19**

(1) Воениот и цивилниот персонал може да употреби средства на присилба или огнено оружје во вршење на службата ако не може на друг начин:

1. да ги заштити животите на луѓето кои ги обезбедува,
2. да го одбие нападот или противправна опасност од напад на објект или други средства што ги обезбедува и
3. да го одбие непосредниот напад со кој е загрозен неговиот живот.

(2) Воениот и цивилниот персонал кој врши служба под непосредно командување на претпоставениот смее да употреби средства на присилба или огнено оружје само по негова наредба, освен кога претпоставениот не е во можност да издаде наредба.

(3) Начинот на употреба на средства на присилба како и начинот на носење и употреба на огненото оружје, ги пропишува началникот на Генералштабот на Армијата.

(4) При извршување на борбени задачи, воениот и цивилниот персонал носи и употребува огнено оружје согласно борбените правила што ги донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

Одземање на службено оружје

**Член 20**

(1) Во случај на добиено известување за случен настан со елементи на насилство или поднесена кривична или прекршочна пријава поради сторено дело со елементи за насилство, на сторителот, времено му се одзема службеното огнено оружје, со забрана за пристап и ракување до донесување на правосилна одлука во кривичната односно прекршочната постапка.

(2) На сторителот на делото или прекршокот, времено му се одзема службеното огнено оружје, со забрана за пристап и ракување и кога ќе се добие известување од надлежниот центар за социјални работи дека сторил семејно насилство, до правосилноста на одлуката на надлежен суд.

(3) Наредба за времено одземање на службеното оружје и муниција и забраната за пристап и ракување од ставот (1) на овој член, ја донесува командантот на баталјон и нему рамен или повисок воен старешина, во рок од 24 часа од моментот на добиено

известување од страна на Министерството за внатрешни работи или од друг надлежен орган за случен настан со елементи на насилство или поднесена кривична или прекршочна пријава поради сторено дело со елементи на насилство.

**Член 21**

(1) Во рок од 24 часа од моментот на добиеното известување од страна на Министерството за внатрешни работи или од друг надлежен орган за случен настан или поднесена кривична или прекршочна пријава со елементи на насилство сторено од страна на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата, командантот на баталјон и нему рамен или повисок воен старешина, задолжително го упатува лицето на психијатриски и психолошки преглед и советување со психолог во Воено медицинскиот центар.

(2) Наодот, оценката и мислењето од психијатрискиот и психолошкиот преглед, односно советување со психолог, задолжително содржи оцена и мислење за способноста на лицето да може да биде распоредено, односно поставено на работно место со пристап и ракување со оружје и муниција, мислењето се дава веднаш по прегледот врз основа на професионална и стручна одлука која не е врзана за судската одлука која ќе следува.

(3) Врз основа на наодот, оцената и мислењето на военолекарската комисија со која е утврдена неспособноста или ограничувањето на способноста за работа, лицето се прераспоредува на неопределено време на соодветно работно место во Министерството, односно се поставува на соодветно формациско место во Армијата на кое му се ограничува пристапот и ракувањето со оружје и муниција.

(4) Начинот на спроведување на психијатриски и психолошки прегледи и советувања од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за одбрана.

<u>Обврска за чување класифицирана информација</u>

**Член 22**

(1) Обврската за чување на класифицирана информација за која се дознало во вршењето или во врска со вршењето на службата, воениот и цивилниот персонал е должен да ја чува и по престанокот на службата.

(2) Согласност за ослободување од чување класифицирана информација дава министерот за одбрана.

(3) Воениот и цивилниот персонал е должен со класифицираната информација да постапува согласно прописите од обласа на класифицираните информации.

(4) Воен и цивилен персонал потребно е да поседува соодветен безбедносен сертификат согласно формациската поставеност. Најдоцна 6 месеци пред денот на истекот на неговата важност должен е да поднесе барање за издавање на соодветен безбедносен сертификат согласно неговата формациска поставеност.

<u>Правна помош</u>

**Член 23**

Ако против воениот и цивилниот персонал се води кривична, прекршочна или друга постапка заради употреба на присилба или огнено оружје или заради други интервенции во врска со вршење на службата, како и заради учество во сообраќајна незгода со моторно возило или незгода причинета со друг вид воено-техничко средство

при вршење на службата, по негово барање, Министерството за одбрана му обезбедува бесплатна правна помош во врска со водењето на постапката.

<u>Здравствена заштита</u>

**Член 24**

(1) На военоит и цивилниот персонал и на членовите на нивното потесно семејство кои се осигурани преку нив, Министерството за одбрана им ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги во здравствените установи кои имаат договор за извршување на здравствени услуги со Фондот за здравствено осигурување и трошоците направени за набавка на лекови.

(2) Надоместокот на трошоците од став (1) на овој член подразбира обезбедување на здравствени услуги опфатени со задолжително здравствено осигурување на осигурените лица во примарната, специјалистичко-консултативната и болничка здравствена заштита.

(3) Надоместокот на трошоците од ставовите (1) и (2) на овој член, на военоит и цивилниот персонал се врши по претходно приложена уредна документација за направените трошоци, за што поблиски прописи донесува министерот за одбрана.

**Член 25**

(1) На военоит и цивилниот персонал по престанокот на службата во Армијата, Министерството за одбрана му ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги за лекување на повреда и заболување здобиено за време на службата во Армијата.

(2) На лице кај кое ќе се појави заболување по престанокот на службата во Армијата, Министерството за одбрана му ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги во врска со лекувањето на тоа заболување, ако во рок од две години од денот на отпуштањето од Армијата го пријави заболувањето во Министерството за одбрана и ако военолекарската комисија утврди дека заболувањето настанало за време на службата во Армијата.

(3) Военоит и цивилниот персонал на кого службата му престанала поради дисциплинска постапка, престанок на службата односно работниот однос по негово барање, еднострано раскинување на договорот и поради истекување на договорот за работа на професионалниот војник, правата од ставовите (1) и (2) на овој член ги остварува во согласност со закон.

(4) На военоит и цивилниот персонал кој поради влошување на заболување кое го имал пред стапување на служба во Армијата му престане службата во Армијата, Министерството за одбрана му ги надоместува трошоците направени при користење на здравствени услуги во врска со лекувањето на тоа заболување, до излекување, односно до стабилизација на заболувањето, а најдолго две години од денот на престанокот на службата во Армијата.

(5) Надоместокот на трошоците од ставовите (1),(2) и (4) на овој член на военоит и цивилниот персонал се врши по претходно приложена уредна документација за направените трошоци, издадена од здравствените установи кои имаат договор за извршување на здравствени услуги со Фондот за здравствено осигурување.

**Член 26**

Надоместокот на трошоците направени при користење на здравствени услуги во случаите од членовите 24 и 25 од овој закон, се на товар на средствата на Министерството за одбрана.

Осигурување на воениот и цивилниот персонал

**Член 27**

(1) Министерството за одбрана е должно да го осигура воениот и цивилниот персонал за случај на смрт, телесно оштетување или губење на работната способност.

(2) Осигурувањето на воениот и цивилниот персонал се врши по категории според видот на должностите и условите под кои се вршат должностите и истото трае 24 часа.

(3) Висината на осигурувањето и категориите од став (2) на овој член ги утврдува министерот за одбрана.

Патување во странство

**Член 28**

(1) Воениот и цивилниот персонал за патување во странство е должен да го извести непосредно претпоставениот старешина.

(2) За време на воена или вонредна состојба како и при зголемени мерки на борбена готовност и општа или делумна мобилизација, воениот и цивилниот персонал може да патува во странство само со писмено одобрение на претпоставениот старешина на должност командант на полк-бригада, нему рамен или старешина на повисока положба.

Доделување на награди и признанија

**Член 29**

(1) На воениот и цивилниот персонал му се доделуваат одликувања, ордени, плакети, значки, монети, награди, наградни отсуства и пофалници за постигнат исклучителен успех во службата.

(2) На домашни и странски физички и правни лица може да им се доделат одликувања, ордени, плакети, значки и благодарници за меѓусебна соработка со Армијата.

(3) Воениот и цивилниот персонал може да прима одликувања и признанија од претставници на странски држави и армии.

(4) Поблиски прописи за доделување на одликувања, плакети, значки, награди, наградни отсуства, благодарници и пофалници од ставовите (1) и (2) донесува претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата.

**Член 30**

За долгогодишна служба во Армијата се доделува јубилејна награда во висина од:

-за непрекината работа во ефективно траење од 10 години една просечна нето плата исплатена во Република Македонија во претходните три месеци.

-за непрекината работа во ефективно траење од 20 години две просечни нето плати исплатени во Република Македонија во претходните три месеци.

-за непрекината работа во ефективно траење од 30 години три просечни нето плати исплатени во Република Македонија во претходните три месеци.

Непрекината работа од ставот еден на овој член се смета од денот на засновање на работен однос во МО.

Оддавање на воени почести при погребување

**Член 31**

(1) Активниот воен персонал, пензионирани генерали и носители на партизанска споменица 1941 и лица одликувани со орден „Народен херој" се погребуваат со оддавање на воени почести.

(2) Начинот, условите и постапката за погребување со оддавање на воени почести се утврдува со правилата за внатрешен ред и односите во вршењето на службата во Армијата што ги донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

## III. ПРИЕМ НА АКТИВЕН ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА

**Член 32**

(1) Работен однос со Министерството за одбрана како активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, се заснова со склучување на договор за вработување во писмена форма.

(2) Работен однос како активен воен персонал на служба во Армијата може да заснова лице кое ги исполнува општите и посебните услови утврдени со овој закон.

(3) Работен однос како цивилен персонал на служба во Армијата може да заснова лице кое ги исполнува општите услови утврдени со овој закон.

(4) Прием на кандидати за активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата се врши од персоналот на Армијата и вработените во Министерството за одбрана по пат на интерен оглас, како и од кандидати по пат на јавен оглас.

(5) Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата остварува право на стаж на осигурување со зголемено траење.

(6) При вработувањето треба да се води сметка за соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, со почитувањето на критериумите на стручност и компететност.

(7) При вработувањето треба да се почитува принципот на родова еднаквост.

**Член 33**

(1) Лица кои имаат посебни специјалности од особено значење за Армијата, може да засноваат работен однос на неопределено време со Министерството за одбрана, без објавување на јавен оглас, со спогодба за преземање од други органи на државна власт, јавни претпријатија, установи и служби.

(2) Лицата од став 1 на овој член се распоредуваат на формациски места согласно актот за формација на Армијата, во ист чин и звање, согласно стекнатата посебна специјалност.

**Член 34**

(1) Работен однос во Министерството за одбрана и на служба во Армијата може да се заснова без јавен оглас со спогодба за преземање од другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установи и служби во Републиката.

(2) Работен однос на определено време со Министерството за одбрана како цивилен персонал на служба во Армијата може да се заснова без јавен оглас, со спогодба за преземање, заради упатување во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија.

(3) Спогодбата од став (1) од овој член ја склучува министерот за одбрана или од него овластено лице.

**Член 35**

(1)Работен однос во Министерството за одбрана и на служба во Армијата може да се заснова без јавен оглас со лице стипендирано од страна на Министерството за одбрана, согласно договор за права и обврски за стипендирање.

(2)Начинот и условите за стипендирање ги пропишува министерот за одбрана.

Општи услови

**Член 36**

За офицер односно подофицер и професионален војник на служба во Армијата може да биде примено лице кое ги исполнува следните општи услови:

- да е државјанин на Република Македонија и да не поседува државјанство на друга држава;
- да е полнолетен;
- да има посебна здравствена и физичка способност и
- да не постои безбедносен ризик.

Посебни услови за прием на офицер

**Член 37**

(1) За офицер на служба во Армијата се прима кандидат кој покрај општите услови од член 36 од овој закон ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено воена академија
- да има високо образование и завршено стручно оспособување и усовршување за офицер и
- да не е постар од 30 години.

(2) Стручното оспособување и усовршување за офицер од став (1) алинеја 2 на овој член се организира и спроведува на Воената академија или во странство.

(3) По исклучок од став (1) на овој член, за офицер на служба во Армијата се прима и подофицер од постојаниот состав на Армијата, професионален војник, цивилен персонал, односно вработен во Министерството за одбрана, доколку има потреба да се постави на должност утврдена со актот за формација на Армијата и актот за систематизација на Министерството за одбрана да не е постар од 40 години.

Посебни услови за прием на подофицер

**Член 38**

(1) За подофицер на служба во Армијата се прима професионален војник кој покрај општите услови од член 36 од овој закон, ги исполнува и следните посебни услови:

- да има минимум четири години работен стаж во Армијата и најмалку чин десетар

- последните три години да биде оценет со службена оценка најмалку „се истакнува“

- да заврши стручно оспособување и усовршување за подофицер

**Член 39**

(1) Ако од професионалните војници нема лице кое ги исполнува посебните услови за прием на подофицер на служба во Армијата, се прима кандидат од цивилниот персонал на служба во Армијата, доколку ги исполнува следните посебни услови:

- да има завршено четири годишно средно образование
- да има минимум пет години работен стаж во Армијата на должности од значење за службите во Армијата
- да има посебна здравствена и физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата
- да заврши стручно оспособување и усовршување за подофицер и
- да не е постар од 40 години

**Член 40**

(1) Ако од лицата од членовите 38 и 39 од овој закон нема кандидат кој ги исполнува условите за подофицер, се прима кандидат по пат на јавен оглас, кој покрај општите услови треба да ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено четири годишно средно образование
- да има завршено стручно оспособување и усовршување за подофицер и
- да не е постар од 35 години.

<u>Посебни услови за прием на професионален војник</u>

**Член 41**

(1)За професионален војник на служба во Армијата по пат на јавен оглас се прима лице кое покрај општите услови од член 36 од овој закон, ги исполнува и следните посебни услови:

- да има завршено доброволно служење на воениот рок
- да има средно образование

-да не е постар од 30 години на денот на завршувањето на огласот за прием на професионални војници.

**Член 42**

(1) За активен воен старешина и професионален војник во специјалните единици на Армијата се прима лице кое покрај општите и посебните услови, има завршено и селективен курс за прием во специјалните единици.

(2) Начинот на вршење на селекција на лицата го утврдува министерот за одбрана.

Услови за прием на цивилен персонал на служба во Армијата

**Член 43**

(1) За цивилен персонал на служба во Армијата се прима кандидат по пат на јавен оглас кој ги исполнува следните општи услови :

- да е државјанин на Република Македонија и да нема државјанство на друга држава
- да е полнолетен
- да има завршено високо или средно образование
- да има општа здравствена и физичка способност и
- да не е постар од 40 години

(2) Посебните условите за прием се утврдени со актот за формација на Армијата.

(3) По исклучок од став 1 алинеја 5 од овој член, за цивилен персонал на служба во Армијата без објавување на јавен оглас, може да се прими професионален војник на кого службата во Армијата му престанала со навршување со 45 години возраст, доколку ги исполнува посебните услови утврдени во актот за формација на Армијата.

(4) По исклучок од став 1 алинеја 5 од овој член, за цивилен персонал на служба во Армијата без објавување на јавен оглас, може да се прими јавен службеник на кого му се укинува работното место во МО, доколку ги исполнува посебните услови утврдени во актот за формација на Армијата, а притоа исполнува барем еден од условите за пензионирање согласно овој закон.

Начин и постапка за прием на служба во Армијата

**Член 44**

(1) Прием на активен воен и цивилен персонал се спроведува по пат на јавен и интерен оглас.

(2) Начинот и постапката за прием на воен и цивилен персонал на служба во Армијата го пропишува министерот за одбрана

**Член 45**

(1) Јавниот оглас за прием на кандидати за офицери односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал го спроведува Министерството за одбрана.

(2) Јавниот оглас се објавува во најмалку два дневни весника од кои најмалку во по еден од весниците што се издаваат на македонски јазик и по еден во весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

(3) Постапката за прием на кандидати по јавниот оглас од став (1) на овој член, ја спроведува комисија формирана од министерот за одбрана.

(4) Избор на кандидати врши министерот за одбрана од утврдената ранг листа редоследно почнувајќи од најдобро рангираниот кандидат, водејќи сметка за правична и родова застапеност.

**Член 46**

(1) Интерниот оглас за прием на офицери и подофицери се објавува на интернет-страницата на Министерството за одбрана и Армијата и на огласни табли во командите и единиците на Армијата.

(2) Рокот за пријавување на интерен оглас не може да биде пократок од 15 дена од денот на неговото објавување.

(3) Кандидатите доставуваат пријави до командите и единиците на Армијата кои се проследуваат до Министерството за одбрана и Армијата.

(4) Постапката за избор на кандидати ја спроведува Комисија за прием на кандидати за офицери, односно подофицери за служба во Армијата што ја формира министерот за одбрана.

(5) Комисијата од став (4) на овој член е составена од три члена и нивни заменици од Министерството за одбрана и Армијата.

(6) По извршената селекција, Комисијата од став (4) на овој член изготвува ранг-листа која се доставува до министерот за одбрана.

(7) Избор на кандидати врши министерот за одбрана од утврдената ранг листа редоследно почнувајќи од најдобро рангираниот кандидат, водејќи сметка за правична и родова застапеност.

Склучување на договор за вработување

**Член 47**

(1) Воените старешини и цивилниот персонал склучуваат договор за вработување на неопределено време.

(2) Професионалните војници склучуваат договор за работа на определено време со времетраење на договорот од 3 (три) години до навршување на 45 години возраст, а потоа склучуваат договор за работа на определено време со времетраење на договорот од 10 (десет) години.

(3) Во зависност од покажаните резултати и потребите на соодветниот род односно служба, договорот за работа со професионалните војници може да се продолжи повеќе пати но најмногу до навршување на 55 години возраст.

(4) Со договорот за работа се утврдува денот на стапување на работа односно стапување на должност, времетраењето, правата, обврските, должностите и одговорностите во службата (начин на извршување на работата односно должноста, работното време и редот и дисциплината, преместување на друго работно место односно на друга должност, должина на годишниот одмор, отсуства од работа, плата и надоместоци на платата, престанок на работниот однос односно престанок на службата во Армијата, надоместок на штета во случај на откажување на договорот од страна на воениот и цивилниот персонал, право за изучување на странски јазици и информатика) и други права и обврски утврдени со закон и акти на Министерството за одбрана.

(5) Договорите од ставовите (1) и (2) на овој член ги потпишува министерот за одбрана или од него овластено лице.

## IV. ХИЕРАХИЈА ВО АРМИЈАТА

Односи во службата

**Член 48**

(1) Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата според односите во службата можат да бидат претпоставени и потчинети, а според чиновите и должностите можат да бидат постари и помлади.

(2) Претпоставен е лице кое согласно со закон и други прописи и овластувања командува со организациски структури во Армијата, а лицата кои се под негова команда се потчинети.

(3) Постар е лице кое има повисок чин, а ако се со ист чин, постар е оној кој е поставен на повисока должност или кој подолго го носи чинот.

Чинови на воениот персонал

**Член 49**

Чинови на воениот персонал се:

- за професионални војници, питомци на Воената академија и од резервниот персонал на Армијата: разводник, десетар и помлад водник
- за лица на стручно оспособување и усовршување на офицери: десетар, помлад водник и водник, а за лица на стручно оспособување и усовршување за подофицери: разводник, десетар и помлад водник
- за активниот воен персонал-подофицери и активниот резервен персонал: водник, водник 1 класа, постар водник, постар водник 1 класа, наредник и главен наредник
- за активниот воен персонал-офицери: потпоручник, поручник, капетан, мајор, потполковник, полковник, бригаден генерал, генерал-мајор, генерал-потполковник и генерал на Армија и
- за офицери од активниот резервен персонал: потпоручник, поручник, капетан, мајор и потполковник.

## V. ПЕРСОНАЛ ВО РЕЗЕРВНИТЕ СИЛИ

**Член 50**

(1) Резервни сили, во смисла на овој закон, е персонал од активна резерва и персонал од општата резерва, повикан за вршење на служба во Армијата.

(2) Лицата од ставот (1) на овој член можат да бидат ангажирани во единиците на Армијата заради учество на обука, вежби и операции и надвор од територијата на Републиката, со нивна согласност.

(3) Обврската на лицата од ставот (1) на овој член може да трае до навршување на 64 години.

(4) Времето и начинот на ангажирање на лицата од член 45 од овој закон го утврдува министерот за одбрана.

**Член 51**

(1) Правата и обврските на персоналот од резервните сили во случаите од член 45 од овој закон се уредуваат со договор кој се склучува со Министерството за одбрана.

(2) Со договорот од став (1) на овој член се уредуваат меѓусебните права и обврски, а особено: местото, времето и начинот на ангажирањето; правата, обврските и одговорностите за време на ангажирањето; висината на месечниот надоместок; редот и дисциплината; начинот и условите за престанок на ангажирањето; надоместокот на штета во случај на самоволно откажување на ангажирањето и друго.

(3) Персоналот на резервните сили повикан за вршење служба во Армијата, има права, обврски и одговорности утврдени со договор.

(4) За лицата од активниот резервен персонал кога не се повикани за вршење на служба во Армијата независно од тоа дали се во работен однос или се невработени лица, во договорот од став (2) на овој член се утврдува и висината на месечниот надоместок кој изнесува:

- за офицер/ цивилен персонал со високо образование 50% од просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија исплатена во последните 6 месеци,

- за подофицер/ цивилен персонал со средно образование 45% од просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија во последните 6 месеци,

- за професионален војник 40% од просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија во последните 6 месеци.

## VI. ПРОИЗВЕДУВАЊЕ НА ОФИЦЕРИ И ПОДОФИЦЕРИ ВО ПОЧЕТЕН ЧИН

### Член 52

(1) Во чин потпоручник се произведува лице кое има завршено Воена академија.

(2) Во чин потпоручник во соодветен род или служба се произведува лице со високо образование со стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС и кое ќе заврши стручно оспособување и усовршување за офицери.

(3) Во чин поручник во соодветен род или служба се произведува лице со високо образование со стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС и кое ќе заврши стручно оспособување и усовршување за офицери.

(4) Во чин водник се произведува лице кое има завршено средно образование и кое ќе заврши стручно оспособување и усовршување за подофицер, со што се стекнува со стручен назив подофицер од соодветен род или служба.

### Член 53

По исклучок од член 52 став (1) од овој закон, во чин потпоручник може да се произведе и подофицер од постојаниот состав на Армијата, професионален војник, цивилен персонал, односно вработен во Министерството за одбрана, доколку има потреба да се постави на должност утврдена со актот за формација на Армијата и актот за систематизација на Министерството за одбрана за која е утврдено да ја извршува офицер и доколку ги исполнува следните услови:

- да стекнал високо образование од специјалноста за која има неопходна потреба утврдена со актот за формација на Армијата и актот за систематизација на Министерството за одбрана

- да покажал особени и исклучителни резултати во работата и да има предлог за произведување во офицерски чин од првопретпоставениот и второпретпоставениот старешина

- да ги исполнува критериумите предвидени за формациското место односно условите утврдени со актот за систематизација на Министерството за одбрана

- да има посебна здравствена и физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата

- да заврши стручно оспособување и усовршување за офицери и

- да не е постар од 40 години

### Член 54

(1) Наредба за произведување офицери во почетен чин донесува министерот за одбрана, а наредба за произведување на подофицери во почетен чин донесува началникот на Генералштабот на Армијата

## VII. СЛУЖБЕНО ОЦЕНУВАЊЕ

**Член 55**

(1) Службеното оценување на воениот персонал се врши поради утврдување на нивниот успех во службата, одлучување за унапредување, поставување и други односи во службата.

(2) Податоците за оценување се класифицирани информации и се чуваат во персоналното досие на воениот персонал.

**Член 56**

(1) Војник на доброволно служење на воениот рок се оценува по завршување на основната обука, во последниот месец пред завршување на доброволното служење на воениот рок.

(2) Оценувањето на војникот на доброволно служење на воениот рок го врши претпоставениот старешина на положба командир на вод и нему рамен или повисок воен старешина.

(3) Војник кој не е задоволен од оцената може да поднесе жалба во рок од 8 дена до непосредно претпоставниот старешина на старешината кој го извршил оценувањето

(4) Оцената по жалбата е конечна.

**Член 57**

(1) Питомец на Воената академија, освен во оценувањето по наставните предмети, се оценува и како воен персонал на крајот на секоја учебна година.

(2) Лице на стручно оспособување и усовршување за офицер односно подофицер, се оценува на крајот на стручното оспособување и усовршување.

(3) Оценувањето на лицата од став (1) и (2) од овој член го врши претпоставениот старешина на положба командир на вод и нему рамен или повисок воен старешина.

(4) Питомец на Воената академија, лице на стручно оспособување и усовршување за офицер односно подофицер кое не е задоволно со оцената, може да поднесе жалба во рок од 8 дена до непосредно претпоставниот старешина на старешината кој го извршил оценувањето.

(5) Оцената по жалбата е конечна.

**Член 58**

(1) Активниот воен персонал се оценува на секои 12 месеци по истекот на календарската година.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, активниот воен персонал се оценува за период помал од 12 месеци но не помалку од шест месеци, во случај ако:

- активниот воен персонал кој се оценува биде поставен на друга должност
- дојде до промена на старешината кој е овластен да го врши оценувањето или
- во последното оценување бил оценет со оцена "не задоволува" по најмалку еден критериум од член 56 став (1) од овој закон.

(3) Во периодот за оценување не се засметува времето во кое лицето од став (1) на овој член било отсутно од работа подолго од шест месеци (боледување, неплатено отсуство или друго отсуство во согласност со овој закон).

(5) Офицерите со генералски чинови не се оценуваат.

(6) Не се оценуваат и офицерите и подофицерите последните две години пред исполнувањето на условите за пензионирањето.

**Член 59**

(1) Активниот воен персонал упатен на должност во органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, воените претставништва на Република Македонија во странство, учество во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Република Македонија, на должности во мултинационални воени сили формирани согласно со ратификувани меѓународни договори кои Република Македонија ги склучила или им пристапила, како и на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата подолго од шест месеци во годината во која се оценува, го оценува претпоставениот старешина пред упатувањето, земајќи го во предвид мислењето на надлежниот старешина каде што ја извршувал должноста.

(2) По исклучок на став (1) од овој член доколку активниот воен персонал е преместен на друга должност оценувањето го врши непосредно претпоставениот старешина, односно раководниот службеник.

(3) Оценката од став (1) на овој член се смета за службена оценка за календарската година во која се врши оценувањето.

**Член 60**

(1) За воениот персонал кој во календарската година во која се врши оценувањето бил поставен или упатен на должност пократко од шест месеци, оценувањето го врши непосредно претпоставениот старешина односно непосредно претпоставениот раководен службеник во единицата во која се наоѓа во време на службеното оценување.

(2) Службеното оценување се врши врз основа на писмен извештај од претходните непосредно претпоставени старешини од став (1) на овој член.

**Член 61**

(1) Оценувањето на активниот воен персонал се врши врз основа на податоците кои се однесуваат на следните критериуми:

- стручното знаење
- професионалната ефикасност
- командување и контрола
- резултатите од работата и
- физичката подготвеност

(2) Податоците од став (1) на овој член се внесуваат на образец чија форма и содржина ја пропишува министерот за одбрана.

(3) Податоците се оценуваат поединечно, бројчано со оцена од еден до пет и описно, со следните степени: “особено се истакнува”, “се истакнува”, “добар”, “задоволува” и “не задоволува”.

(4) Активниот резервен персонал се оценува за период од 12 месеци, но не помалку од шест месеци, според критериумите за оценување на активниот воен персонал.

(5) По критериумот од став (1) алинеја 3 не се оценуваат професионалните војници.

**Член 62**

(1) Оценувањето на активниот воен персонал го врши непосредно претпоставниот старешина или раководен административен службеник.

(2) Активниот воен персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена од денот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосредно претпоставниот старешина на старешината кој го извршил оценувањето.

(3) Оцената по жалбата е конечна.

**Член 63**

(1) Офицер односно подофицер и војник од активниот резервен персонал се оценува по завршување на обука која траела најмалку пет дена или на воена вежба.

(2) Оценувањето се врши врз основа на покажанте резултати на вежбата односно обуката, способноста за вршење на должноста, дисциплината, работните и карактерни особини и физичката подготвеност на лицето.

(3) Оценувањето го врши непосредно претпоставениот старешина на должност командир на чета и нему рамен или повисок воен старешина.

(4) Активниот резервен персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена од денот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосредно претпоставниот старешина на старешината кој го извршил оценувањето

(5) Оцената по жалбата е конечна.

**Член 64**

(1) Цивилниот персонал на служба во Армијата се оценува на секои 12 месеци по истекот на календарската година.

(2) Оценувањето на цивилниот персонал се врши врз основа на податоците кои се однесуваат на следните критериуми:

- стручното знаење
- професионалната ефикасност
- резултатите од работата

(2) Оценувањето на цивилниот персонал го врши непосредно претпоставниот.

(3) Податоците се оценуваат поединечно, бројчано со оцена од еден до пет и описно, со следните степени: "особено се истакнува", "се истакнува", "добар", "задоволува" и "не задоволува".

(5) Цивилниот персонал кој не е задоволен со оцената, во рок од 15 дена од денот кога му е соопштена истата, може да поднесе жалба до непосредно претпоставниот старешина на старешината кој го извршил оценувањето.

(6) Оцената по жалбата е конечна.

**Член 65**

Начинот на службеното оценување на воениот и цивилниот персонал, начинот на водење на евиденција потребна за службено оценување и видовите на обрасците на оценувачкиот лист, поблиску ги пропишува министерот за одбрана.

## VIII.УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОЕНИОТ ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА

**Член 66**

(1) Професионален војник може да се унапреди во непосредно повисок чин според потребите на службата, ако се оцени дека со успех може да врши должност во повисок чин.

(2) Унапредувањето во повисок чин на професионалниот војник го врши старешината на должност командант на баталјон и нему рамен или повисок воен старешина.

(3) Начинот на унапредување во повисок чин на професионален војник го утврдува началникот на Генералштабот на Армијата.

**Член 67**

(1) Питомец на Воената академија и лице на стручно оспособување и усовршување за офицер односно подофицер, може да се унапреди во непосредно повисок чин според постигнатите резултатите и времето поминато во одреден чин.

(2)Унапредувањето во повисок чин на питомецот на Воената академија и лицата на стручно оспособување и усовршување за офицер односно подофицер го врши командантот на Командата за обука и доктрини.

(3) Начинот на унапредување во повисок чин на лицата од став (2) на овој член го утврдува началникот на Генералштабот на Армијата.

**Член 68**

Активниот воен персонал може да се унапреди во непосредно повисок чин според потребите на службата, врз основа на оценувањето на резултатите на нивната работа за периодот сметано од нивното последно унапредување, покажаната способност за вршење должност во повисок чин и да е поставен на формациско место со непосредно повисок чин.

**Член 69**

(1) Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин, ако во чинот што го има поминал најмалку:

- во чин потпоручник...............................................2 години
- во чин поручник.................................................. 4 години
- во чин капетан......................................................6 години
- во чин мајор........................................................ 5 години
- во чин потполковник.............................................5 години
- во чин полковник..................................................5 години
- во генералски чин..................................................3 години

(2)Офицер може да се унапреди во непосредно повисок чин една година порано од времето пропишано во став (1) на овој член, доколку:

- три пати последователно е оценет со оценка „особено се истакнува”, по сите критериуми од член 61 став (1) од овој закон;
- да извршува командна должност;
- постигнати исклучителни резултати во командувањето со единицата;

- предлог на кадровски совет на ниво бригада и повисоко.

**Член 70**

(1) Подофицер може да се унапреди во непосредно повисок чин ако во чинот што го има поминал најмалку:

- во чин водник..............................................................5 години
- во чин водник 1 класа.................................................5 години
- во чин постар водник...................................................5 години
- во чин постар водник I класа .................................... 5 години
- во чин наредник..........................................................5 години

(2) Покрај условите предвидени од став (1) од овој член, подофицер се унапредува во непосредно повисок чин доколку ги исполнува и предвидените услови во Концептот за развој на подофицери.

(3) Подофицер може да се унапреди во непосредно повисок чин една година порано од времето пропишано во став (1) на овој член, доколку:

-три пати последователно е оценет со оценка „особено се истакнува", по сите критериуми од член 61 став (1) од овој закон;

- да извршува лидерска должност;
- постигнати исклучителни резултати во командувањето со единицата;
- предлог на кадровски совет на ниво бригада и повисоко.

**Член 71**

(1) Воен персонал чиј просек од оценката сметан од последното унапредување е со степенот „добар" по критериумите од член 61 став (1) од овој закон, ги исполнува условите за унапредување една година подоцна од времето пропишано во член 69 став (1), односно 70 став (1) од овој закон.

**(2)** Воен персонал чиј просек од оценката сметан од последното унапредување е со степенот „задоволува" по критериумите од член 56 став (1) од овој закон, не ги исполнува условите за унапредување пропишани во член 65 став (1), односно 66 став (1) од овој закон.

**Член 72**

Во чин полковник може да биде унапреден потполковник кој ги исполнува условите од член 69 од овој закон и кој има завршено специјализација за командно-штабни должности, или друга специјализација која одговара на родот, односно службата на која и припаѓа или се стекнал со научно звање магистер во научна област која одговара на родот, односно службата на која и припаѓа.

**Член 73**

Во чин бригаден генерал може да биде унапреден полковник кој ги исполнува условите од член 69 од овој закон и кој има завршено школа за национална одбрана, или друга соодветна школа, или се стекнал со научно звање доктор во научна област која одговара на родот, односно службата на која и припаѓа.

**Член 74**

Покрај условите од член 69 до 73 од овој закон, на унапредувањето на офицер и подофицер во непосредно повисок чин влијаат и следните дополнителни услови:

- познавање странски јазик што се докажува со уверение
- завршени воени и други курсеви за стручно оспособување и усовршување во земјата и странство
- стекнато дополнително образование од значење за вршење на службата во Армијата и
- добиени одликувања, плакети, монети, значки, награди и пофалници.

**Член 75**

(1) За унапредување на офицер односно подофицер во непосредно повисок чин, началникот на Генералштабот на Армијата формира комисии за унапредување во одреден чин.

(2) Комисиите од став (1) на овој член се составени од пет лица со најмалку ист чин како чинот во кој се предлага унапредување, од различни родови и служби, избрани врз основа на нивните професионални, стручни и карактерни особини.

(3) Комисиите од став (1) на овој член, врз основа на извршен увид во досијеата на офицерите и подофицерите кои ги исполнуваат условите за унапредување во определениот чин, еднаш годишно, доколку потребите на родовите и службите на Армијата бараат унапредување на офицери и подофицери во одреден чин, изработуваат предлог-ранг листа на кандидати за унапредување во повисокиот чин, од родовите и службите во Армијата.

(4) Предлог ранг-листата за унапредување во чин мајор до полковник се доставува до министерот за одбрана, а предлог ранг-листата за унапредување заклучно со чин капетан се доставува до началникот на Генералштабот на Армијата, заради одобрување на ранг-листата.

(5) Ако министерот за одбрана односно началникот на Генералштабот на Армијата не го одобрат предлогот на ранг-листата за унапредување, комисијата е должна повторно да го преиспита својот предлог.

(6) Унапредувањето на офицер односно подофицер во непосредно повисок чин се врши врз основа на одобрена ранг-листа за унапредување, во согласност со утврдените потреби на службата за унапредување во одреден чин од родовите и службите на Армијата.

**Член 76**

(1) Начинот и постапката за унапредување на офицери односно подофицери во непосредно повисок чин ги пропишува министерот за одбрана.

(2) Начинот и постапката за унапредување во непосредно повисок чин на офицерите со генералски чин ги пропишува претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата.

(3) Унапредувањето во непосредно повисок чин на офицерите со генералски чин се врши на воена свеченост, а начинот и постапката ги пропишува началникот на Генералштабот на Армијата.

**Член 77**

(1) Унапредување на воен старешина за време на воена состојба се врши според способностите за командување, покажаната храброст и воените заслуги како и според потребите за пополнување на Армијата.

(2) Поблиски прописи за унапредување на воени старешини за време на воена состојба донесува претседателот на Република Македонија и врховен командант на Армијата.

**Член 78**

(1) Персоналот на резервните сили на Армијата може да се унапреди во непосредно повисок чин врз основа на оцената добиена заради учество на обука, вежби и операции.

(2) Персоналот на резервните сили на Армијата може да се унапреди во непосредно повисок чин според критериумите за унапредување на активниот воен персонал.

**Член 79**

Офицер од резервни сили може да се унапреди во непосредно повисок чин, а најмногу до чин потполковник, според потребите на службата, доколку во чинот што го имал поминал најмалку:

- во чин потпоручник..................................................3 години
- во чин поручник.......................................................4 години
- во чин капетан..........................................................6 години
- во чин мајор..............................................................6 години

**Член 80**

Подофицер од резервни сили може да се унапреди во непосредно повисок чин според потребите на службата, доколку во чинот што го имал поминал најмалку:

- во чин водник...........................................................4 години
- во чин водник 1 класа............................................... 5 години
- во чин постар водник.................................................5 години
- во чин постар водник I класа ...................................4 години
- во чин наредник ........................................................5 години

**Член 81**

Покрај условите за унапредување на офицери и подофицери утврдени во членовите 75 и 76 од овој закон, на унапредувањето на офицер и подофицер од резервните сили влијаат и дополнителните услови од член 70 од овој закон.

**Член 82**

Унапредувањето на персоналот на резервните сили се врши на начин и постапка предвидени за унапредување на активниот воен персонал.

## IX.ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ И ДРУГИ ОДНОСИ ВО ВРШЕЊЕ НА СЛУЖБАТА ВО АРМИЈАТА

**Член 83**

(1) Под формациско место се подразбира должност утврдена со актот на формација на Армијата.

(2) Под формациско место се подразбира и работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите на кои се поставува воениот персонал

распореден за вршење на должности во Министерството за одбрана, Воената академија, другите органи на државната власт, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, воените претставништва на Република Македонија во странство, команди и штабови во меѓународни организации и меѓународни воени единици, хуманитарни и мировни операции надвор од територијата на Републиката, како и должности во мултинационални воени сили формирани согласно ратификувани меѓународни договори кои Републиката ги склучила или им пристапила.

Поставување

**Член 84**

(1) Воениот и цивилниот персонал се поставува на соодветна должност односно формациско место според неговата основна или дополнителна воеоевиденциска специјалност и според потребите на службата во Армијата.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, доколку потребите на службата тоа го налагаат, воениот и цивилниот персонал може да се постави на формациско место кое не соодветствува со неговата воено-евиденциска специјалност.

(3) Воениот персонал распореден на формациско место од член 83 став 2, има права и обврски како да е распореден во Армијата.

**Член 85**

(1) Воениот персонал се поставува на формациско место на својот чин, а по потреба на службата, може да се постави на формациско место со непосредно повисок или понизок чин.

(2) Воен персонал-офицер односно подофицер може да биде поставен на формациско место или на работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите со непосредно повисок чин по потреба на службата, доколку нема можност да биде поставен воен старешина со повисок чин.

(3) Во случаите од став (2) на овој член, активниот воен персонал-офицер односно подофицер ги задржува правата од својот чин а ги остварува правата од должноста на која е поставен.

(4) Активен воен персонал-офицер односно подофицер може да биде поставен на формациско место со непосредно понизок чин во следните случаи:

1. Поради укинување на формациско место на кое бил поставен а нема можност да биде поставен на друго формциско место или на работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите според неговиот чин;
2. Кога е разрешен од должноста поради боледување и во смисла на член 89 од овој закон, а нема можност да биде поставен на друго формациско место или на работно место определено со акт за систематизација на работите и задачите според неговиот чин, најмногу за период од една година лекување;
3. Кога со оцена на воена-лекарска комисија од член 198 од овој закон е предложена промена на формациско место според неговиот чин;
4. По свое барање, доколку го прифати понуденото поставување.

(5) Во случаите од став (4) точките 1, 2 и 3 на овој член, активниот воен персонал-офицер односно подофицер ги задржува оние права од својот чин или должност кои се поповолни за него.

(6) Во случаите од став (4) точка 4 на овој член, активниот воен персонал-офицер односно подофицер ги остварува правата според чинот и должноста на која ќе биде поставен.

**Член 86**

(1) Професионалните војници кои ќе ја загубат посебната здравствена или физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата, а доколку имаат општа здравствена способност за работа се поставуваат на формациско место пропишано со актот на формацијата на Армијата за цивилен персонал.

(4) Со денот на поставувањето на формациско место предвидено за цивилен персонал, професионалните војници се преведуваат во служба во Армијата како цивилен персонал.

**Член 87**

(1) Цивилниот персонал се поставува на должност за која засновал работен однос.

(2) Според потребите на службата во текот на работата, цивилниот персонал може да се распореди и на друга должност која одговара на степенот на неговото образование или занимање.

**Член 88**

Активниот воен и цивилен персонал без негова согласност не може да се поставува во друго место на вршење на службата ако во наредните пет години ги исполнува условите за пензионирање, освен ако поради преместување или укинување на единицата, нема слободно формациско место во местото на вршење на службата на кое би можел да биде поставен.

**Член 89**

(1) Воениот персонал кој ќе ја загуби посебната здравствена или физичка способност потребна за вршење на служба во Армијата, доколку има општа здравствена способност за работа, се поставува на формациско место за цивилен персонал пропишано со актот на формацијата на Армијата или актот за систематизација на Министерството за одбрана, а согласно степенот на наеговата стручна подготвеност.

(2) Воениот персонал од став 1 на овој член ги задржува правата од чинот и должноста на која бил поставен.

Упатување на работа

**Член 90**

(1) Активниот воен и цивилен персонал поради потреба на службата може да биде упатен на должност во друга единица или установа во Републиката или во друг орган на државната власт на одредено време, а најдолго една година.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, активниот воен и цивилен персонал може да биде упатен на должност и подолго од една година, но најмногу две години во текот на пет години, сметано од првото упатување, а доколку се работи за проект од особено значење за одбраната, до завршување на проектот.

(3) Во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член лицето ги задржува правата од својот чин и должност на која бил поставен, доколку тоа е поповолно за него.

(4) По исклучок од став (1) на овој член, активниот воен и цивилен персонал без негова согласност не може да се упатува во друго место на вршење на службата ако во наредните пет години ги исполнува условите за пензионирање, освен ако поради преместување или укинување на единицата, нема слободно формациско место во местото на вршење на службата на кое би можел да биде поставен.

Застапување

**Член 91**

(1) Активниот воен и цивилен персонал се одредува за застапување на привремено отсутно лице или привремено непополнето формациско место, со ист, непосредно повисок или понизок чин или должност и со ист степен на образование.

(2) Застапникот од ставот (1) на овој член, покрај својата редовна должност ја врши должноста на која е поставен како застапник најдолго до една година и најмногу една должност.

(3) Заменувањето на отсутно лице поради користење на годишен одмор не претставува застапување.

Разрешување од должност поради стручно оспособување и усовршување

**Член 92**

(1) Активниот воен и цивилен персонал упатен на стручно оспособување и усовршување се разрешува од должноста ако стручното оспособување и усовршување трае подолго од една година.

(2) Времето поминато на стручно оспособување и усовршување се смета како време поминато на служба и лицето ги задржува сите права од формациското место од кое е разрешен.

Разрешување од должност поради боледување и лекување

**Член 93**

(1) Активниот воен и цивилен персонал кој поради боледување и лекување не може да ја врши својата должност, се разрешува од должноста ако болеста трае или ако воено-лекарска комисија оцени дека би можела да трае подолго од шест месеци.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ги задржува сите права од формациското место од кое е разрешен.

(3) Во случај на подолго траење на привремената спреченост за работа поради боледување и лекување кое трае до 12 месеци, претпоставениот старешина на должност командант на баталјон или нему рамен и повисок воен старешина, со наредба го упатува активниот воен и цивилен персонал до воено-лекарската комисија заради утврдување на неговата здравствена способност потребна за служба во Армијата.

(4) Претпоставениот старешина, со наредба може да упати воен и цивилен персонал до воено-лекарската комисија и во случаи кога по сопствена оцена смета дека здравствената способност на лицето е нарушена и штетно се одразува на службата.

(5) Во случаите од ставовите (3) и (4) на овој член, активниот воен и цивилен персонал е должен да се јави на воено-лекарската комисија на преглед.

Разрешување од должност заради подготовка за враќање во цивилен живот

**Член 94**

(1) Активниот воен и цивилен персонал на кого ќе му престане службата во Армијата поради структурни промени во актот за формација на Армијата, може да биде упатен на стручно оспособување за цивилни професии, заради подготовка за враќање во цивилен живот.

(2) Активниот воен и цивилен персонал упатен на стручно оспособување за цивилни професии заради подготовка за враќање во цивилен живот, се разрешува од должноста за времетраењето на обуката, но не подолго од шест месеци во годината пред заминување во пензија, односно престанок на работниот однос.

(3) Времето поминато на стручно оспособување се смета како време поминато на служба во Армијата и ги задржува сите права од формациското место од кое е разрешен.

**Член 95**

(1) Активниот воен и цивилен персонал на кого ќе му престане службата во Армијата поради стекнување право на старосна пензија, се разрешува од должноста три месеци пред исполнување на условите за стекнување право на старосна пензија.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ги задржува сите права од формациското место од кое е разрешен.

Преместување

**Член 96**

(1) Преместување на активниот воен и цивилен персонал се врши заради потреба на службата.

(2) Преместување на активниот воен и цивилен персонал се врши од едно на друго формациско место утврдено во актот за формација на Армијата односно од едно на друго работно место утврдено во акт за систематизација, како и во друго место на вршење на службата.

(3) Преместување на активниот воен и цивилен персонал се врши:

1. Поради укинување или трансформација на единицата или штабот или намалување на обемот на работата во единицата или штабот во Армијата односно укинување на работно место во актот за систематизација,
2. Поради неодложна потреба за пополнување на непополнето формациско место утврдено во актот за формација на Армијата односно на работно место утврдено во актот за систематизација,
3. Поради формирање на нови единици во Армијата односно отварање нови работни места во Министерството за одбрана и
4. Поради пополнување на формациско место упразнето заради упатување на школување односно стручно оспособување и усовршување кое трае подолго од една година.
5. Поради навршени најмалку 3 (три) години, а најмногу 7 (седум) години на едно формациско место утврдено во актот за формација на Армијата, односно на работно место утврдено во актот за систематизација**.**

(4) Активниот воен и цивилен персонал може да биде преместен на друго место на вршење на службата и по свое барање, доколку потребите на службата тоа го дозволуваат.

(5) Активниот воен и цивилен персонал може да биде преместен на друго место на вршење на службата и поради болест и болест на член на неговото потесно семејство, што се докажува со наод, оцена и мислење од надлежна лекарска комисија

(6) Активниот воен и цивилен персонал без негова согласност не може да се преместува во друго место на вршење на службата ако во наредните пет години ги исполнува условите за пензионирање, освен ако поради преместување или укинување на единицата, нема слободно формациско место во местото на вршење на службата на кое би можел да биде поставен.

(7) Во случаите од став (3) точките 1, 2 и 3 на овој член, активниот воен и цивилен персонал ги остварува сите права од формациското место на кое е преместен.

(8) Во случаите од став (3) точка 4 на овој член, активниот воен и цивилен персонал ги задржува сите права од формациското место на кое бил поставен, доколку тоа е поповолно за него.

**Член 97**

(1) Во случај кога активниот воен и цивилен персонал е упатен на работа во дипломатско, конзуларни и воени претставништва во странство, во меѓународни команди и организации, на стручно усовршување или образование во странство за потребите на Министерството за одбрана и Армијата, е должен во рок од 15 дена од денот на престанувањето на работата во странство односно стручното усовршување или образование, да се врати на работа.

(2) Активниот воен и цивилен персонал од став 1 на овој член, во рок од 30 дена од денот на враќањето, се распоредува на работно место односно се поставува на формациско место, согласно неговиот степен на стручна подготовка и чинот.

(3) До распоредување на работно место односно до поставување на формациско место од став (2) на овој член, активниот воен и цивилен персонал извршува работи односно должности по потреба на службата, согласно неговиот степен на стручна подготовка односно чин.

(4) Наредба за распоредување на работно место односно до поставување на формациско место од став (2) на овој член, донесува надлежното лице од член 13 од овој закон.

(5) Во случаите од став (3) на овој член, активниот воен и цивилен персонал ги задржува правата од својот степен на стручна подготовка односно чин.

**Член 98**

(1) Во случај кога активниот воен и цивилен персонал заради издржување на казна затвор или изречена заштитна мерка не може да ја врши работата односно службата за период пократок од една година, или заради притвор и во други случаи определени со закон времено престане да ја врши работата односно службата, работниот однос односно службата не му престанува, а за тој период работниот однос односно службата му мирува.

(2) За време на мирување на работниот однос односно службата од став (1) на овој член, мируваат правата и обврските од работен однос кои се непосредно поврзани со вршење на работата односно службата.

(3) Активниот воен и цивилен персонал има право и должност да се врати на работа односно на служба најдоцна во рок од пет дена од денот на престанување на причините за мирување на работниот однос односно службата.

Воеоевиденциска специјалност

**Член 99**

(1) На воениот персонал по завршувањето на воена академија, стручно оспособување и усовршување за офицер и подофицер, основна обука за професионален војник и обука за персонал во резервни сили му се определува основна воеоевиденциска специјалност, соодветна за род или служба.

(2) Во текот и по потреба на службата, со завршување на соодветен степен на образование или стручно оспособување и усовршување од значање за служба во Армијата, воениот персонал може да се стекне со една или повеќе дополнителни воеоевиденциски специјалности.

(3) Начинот и постапката за определување на основна и за стекнување на дополнителна воеоевиденциска специјалност ги утврдува министерот за одбрана.

Кадровски совет

**Член 100**

(1) Кадровски совет се формира во Генералштабот на Армијата, командите и единици во ранг на баталјон и повисоко.

(2) Кадровскиот совет разгледува прашања од доменот на управување со човечките ресурси (поставување, упатување на работа, застапување, разрешување од должност поради стручно оспособување и усовршување, разрешување од должност поради боледување и лекување, разрешување од должност поради враќање во цивилен живот, преместување, упатување на школување односно стручно оспособување и усовршување и други односи во службата) и се дава мислење на надлежниот старешина за тие прашања.

(3) При составувањето на Советот од став (1) на овој член треба да се води сметка за соодветна и правична застапеност на лицата кои припаѓаат на сите заедници и за родовата еднаквост.

(4) Начинот на работа на кадровскиот совет го пропишува началникот на Генералштабот на Армијата.

(5) Наредба за составот на кадровскиот совет донесува началникот на Генералштабот на Армијата, односно командантот на командата/единицата во која се формира.

## X. РАБОТНО ВРЕМЕ, ОДМОРИ И ОТСУСТВА

Работно време

**Член 101**

(1) Службата во Армијата се извршува непрекинато во текот на 24 часа, секој ден во неделата.

(2) Распоредот, почетокот и завршетокот на работното време во текот на денот и за подолг временски период според условите и природата на работата на единицата, во согласност со овој закон, ги утврдува началникот на Генералштабот на Армијата.

**Член 102**

(1) Работното време на воениот и цивилниот персонал изнесува 40 часа во работна недела (полно работно време).

(2) Работната недела по правило трае пет работни дена.

(3) Во Министерството за одбрана и Армијата се води евиденција за полното работно време.

(4)Активниот воен и цивилен персонал на барање на непосредно претпоставениот старешина, е должен да врши работа преку полното работно време (прекувремена работа).

(5) Работното време може да трае подолго од 40 часа во работна недела во следните случаи:

1. во случај на наредени мерки за зголемена борбена готовност;
2. во случај на потреба од дополнително ангажирање на одредени воени единици заради одржување на борбената готовност;
3. во случај на тревога во воените единици;
4. за време на воена вежба;
5. во случај кога Армијата учествува во отстранување последици од кризна или вонредна состојба;
6. за време на дежурство, стражарска должност и други должности во воени единици и
7. во услови кога се бара продолжување на започнатата работа чие запирање или прекинување би имало штетни последици за борбената готовност на воената единица, за извршување вонредни задачи или поради одредени состојби во единицата.

(6) Во случаите од став (5), точките 1 до 7 на овој член, воениот и цивилниот персонал е должен да работи подолго од полното работно време.

(7) Наредба за работа подолга од полното работно време случаите од став (5) точките 1 и 2 на овој член донесува министерот за одбрана, а во случаите од став (5) точките од 3 до 7 на овој член, наредба донесува командантот на самостоен баталјон, нему рамен или повисок старешина.

**Член 103**

(1) Кога тоа го бара природата на работата, работното време може да се прераспредели така што вкупното работно време на воениот и цивилниот персонал во просек да не биде подолго од 40 часа во работната недела во текот на годината.

(2) На активниот воен и цивилен персонал кој работи на особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, а чие штетно влијание врз неговото здравје не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, работното време му се скратува сразмерно на штетното влијание врз неговото здравје односно работната способност, но не пократко од 30 часа во работната недела.

(3) Определувањето на формациските места кои се особено тешки, напорни и штетни по здравјето работи, по предлог на началникот на Генералштабот на Армијата, го врши државниот орган надлежен за работите од областа на трудот.

**Член 104**

(1) Во воените единици во кои службата се врши во смени, воениот и цивилниот персонал во една смена може да врши служба ноќно време непрекинато најдолго една седмица во текот на четири седмици.

(2) Ноќно време во смисла на став (1) на овој член е периодот меѓу 22.00 часот и 6.00 часот наредниот ден.

(3) Основната плата на воениот и цивилниот персонал за работа ноќе по час се зголемува за 35%.

**Член 105**

Војниците за време на доброволно служење на воениот рок, лицата на стручно оспособување и усовршување за офицери односно подофицери и персонал од резервните сили, се должни да извршуваат воени и други должности во воените единици во согласност со распоредот за живот и работата во воената единица, пропишан од началникот на Генералштабот на Армијата или од него овластено лице.

Одмори и отсуства

**Член 106**

(1) Воен и цивилен персонал кој работи со полно работно време, за време на дневното работно време има право на пауза во траење од 30 минути.

(2) Воен и цивилен персонал кој работи со пократко работно време, меѓутоа најмалку четири часа дневно, има право на пауза во траење од 15 минути.

(3) Должината на паузата во случај на нееднакво распоредување или времено прераспоредување на работното време, се одредува пропорционално на должината на дневното работно време.

(4) Паузата може да се одреди дури по еден час работа и најдоцна три часа пред крајот на работното време.

(5) Времето на паузата во текот на работниот ден се засметува во работното време и за истото се исплатува плата.

**Член 107**

(1) Воен и цивилен персонал има право на одмор меѓу два последователни работни дена во непрекинато траење од најмалку 12 часа.

(2) Воен и цивилен персонал има право на неделен одмор во траење од најмалку 24 часа непрекинато, а ако заради објективни, технички и организациони причини е неопходно да работи на денот на својот неделен одмор, мора да му се обезбеди таков одмор во текот на наредната работна недела.

(3) Основната плата на работникот за работа во ден на неделен одмор се зголемува за 35% по час.

**Член 108**

(1) Активен воен и цивилен персонал има право на платен годишен одмор во текот на една календарска година во траење од најмалку 20 а најмногу 33 работни дена.

(2) Активниот воен и цивилен персонал постар од 45 години, инвалид, воен и цивилен персонал со најмалку 60% телесно оштетување и воен и цивилен персонал кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток, има право на уште три работни дена годишен одмор.

(3) Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа, не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

(4) Како ден на годишен одмор се смета секој работен ден кој според распоредот на работното време е одреден како работен ден.

(5) За право на користење на платен годишен одмор се донесува решение.

**Член 109**

(1) Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

(2) Годишниот одмор може да се користи најмногу во три дела, со тоа што еден дел се користи без прекин во траење од најмалку 12 работни дена во тековната календарска година, а остатокот најдоцна до 30 јуни наредната календарска година.

(3) Ако во календарската година во која засновал работен однос активниот воен и цивилен персонал нема една година работа, има право на годишен одмор во траење од по два работни дена за секој месец поминат на работа, но не повеќе од 20 работни дена.

(4) Годишниот одмор кој што не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете односно упатување на стручно оспособување и усовршување, воениот и цивилниот персонал има право да го искористи до 30 јуни наредната календарска година.

**Член 110**

Воен и цивилен персонал кој по потреба на службата е упатен заради учество во вежбовни активности, обука, хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката а кој од објективни причини, без своја вина не го искористил годишниот одмор, има право да го искористи годишниот одмор до крајот на наредната календарска година.

**Член 111**

Должината на годишниот одмор се утврдува врз основа на следните критериуми:
а) должина на работното искуство,
б) сложеност на работата,
в) услови за работа и
г) здравствена состојба

а) должина на работното искуство:
-од 1-10 години работно искуство: ……………………1 работен ден,
-од 10-20 години работно искуство: ……………… .......2 работни дена,
-од 20-25 години работно искуство: …………… …..…3 работни дена,
-преку 25 години работно искуство…………..................5 работни дена.

б) сложеност на работата:
-средно образование: ……………………..……...…. 2 работни дена,
-високо образование: ....................................................4 работни дена.

в) услови за работа:
-работни места штетни по живот и здравје: ..……..…...4 работни дена.

г) здравствена состојба:

-намалена работна способност.........................................1 работен ден.

**Член 112**

Воен и цивилен персонал има право еден ден од годишниот одмор да го искористи по сопствена желба на ден кој што самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести непосредно претпоставениот старешина најдоцна три дена пред користењето на годишниот одмор.

**Член 113**

(1) Воен и цивилен персонал не може да се откаже од правото на платен дневен, неделен и годишен одмор, ниту тоа право може да му се ускрати.

(2) По исклучок, кога потребите на службата не дозволуваат користење на годишен одмор, воениот и цивилниот персонал кој по наредба на командант на баталјон, нему рамен или повисок старешина, нема да го искористи годишниот одмор или дел од него, има право на пропорционално обештетување за неискористените денови на годишен одмор, во висина на последната нето плата на воениот и цивилниот персонал, за тие денови.

(3) Воен и цивилен персонал по престанувањето на работниот однос односно службата по кој било основ, има право на обештетување за неискористените денови на годишен одмор.

**Член 114**

За почетокот на користењето на боледувањето воениот и цивилниот персонал е должен во рок од 24 часа да го извести претпоставениот старешина.

**Член 115**

(1) Воен и цивилен персонал кој извршува должности со висок ризик и особено штетни по животот и здравјето чие дејство не може во целост да се отстрани со заштитни мерки, заради зачувување на здравјето и физичката кондиција има право еднаш годишно на организирана седумдневна рекреација во спортско рекреативни центри или центри за рехабилитација, под контрола на инструктори и лекари специјалисти.

(2) За остварување на правото од став (1) од овој член военот и цивилниот персонал потребно е да ја извршувал должноста во тековната година односно претходната година најмалку шест месеци.

(3) Должностите од став (1) ги утврдува министерот за одбрана на предлог на началникот на Генералштабот на Армијата.

(4) Рекреацијата се врши согласно план кој го донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

**Член 116**

На активен воен и цивилен персонал, член на спортска државна репрезентација, може да му се одобри платено отсуство од работа во траење од 30 дена во текот на една календарска година заради подготовки и учество на олимписки игри и на европски и светски првенства.

**Член 117**

(1) Воен и цивилен персонал има право на отсуство од работа со надомест на плата до седум работни дена во една календарска година во следните случаи:

- за склучување на брак ..................................................3 дена,
- за склучување на брак за деца .....................................3 дена,
- за раѓање или посвојување на дете ………………...........2 дена,
- за смрт на сопружник или дете ....................................5 дена,
- за смрт на родител, брат, сестра ..................................2 дена,
- за смрт на родител на сопружник ................................2 дена,
- за смрт на дедо или баба ...............................................1 ден,
- за полагање на стручен или друг испит за потребите на Министерството за одбрана односно Армијата......................…............................................................3 дена,
- за селидба на семејство од едно на друго место ..........3 дена,
- за селидба на семејство во исто место .........................2 дена,
- за одбрана на докторат, магистратура, полагање на правосуден испит.........................................................................................5 дена,
- за полагање на поединечен испит.................................1 ден,
- за елементарни непогоди ..............................................3 дена,
- прв училишен ден на прваче..........................................1 ден,
- за други оправдани случаи.............................................1 ден.

(2) Во случаите од став (1) на овој член, отсуството од работа се користи во деновите на траењето на основот и не може да се ускрати од страна на претпоставениот старешина.

(3) Отсуството од став (1) на овој член може да се одобри повеќе пати, со тоа што времето поминато на отсуството во траење преку седум работни дена во текот на една календарска година се смета во годишен одмор, освен ако отсуството е одобрено заради смрт на сопружник, дете, родител, брат или сестра.

**Член 118**

(1) На активен воен и цивилен персонал заради неопходни потреби на негово барање, може да му се одобри неплатено отсуство до 90 дена во текот на една календарска година.

(2) За време на неплатеното отсуство од став (1) на овој член, мируваат правата и обврските од работниот однос.

**Член 119**

На активен воен и цивилен персонал кој го придружува брачниот другар упатен на работа во странство во рамките на меѓународно-техничка или просветно-културна и научна соработка, во дипломатски и конзуларни претставништва, на стручно усовршување или образование на негово барање му мируваат правата и обврските од работен однос и има право во рок од 15 дена од денот на престанувањето на упатувањето на неговиот брачен другар во странство да се врати на служба во Министерството за одбрана односно Армијата на должност според неговиот чин односно работно место.

**Член 120**

(1) Војник на доброволно служење на воен рок има право на едно викенд отсуство секој месец, со надомест на патните трошоци.

(2) Отсуството од став (1) на овој член го одобрува командирот на чета или повисок воен старешина.

**Член 121**

(1) Питомец на Воената академија има право на семестрален летен и зимски распуст според прописите на Воената академија и две викенд отсуства секој месец, со надомест на патни трошоци

(2) Отсуствата од став (1) на овој член ги одобрува деканот на Воената академија.

**Член 122**

(1) Лице на стручно оспособување и усовршување за офицер односно подофицер во Републиката има право на две викенд отсуства секој месец, со надомест на патните трошоци.

(2) Отсуствата на лицата од став (1) на овој член ги одобрува командирот на чета или повисок воен старешина.

(3) Офицерите односно подофицерите по нивното произведување во почетен чин, по завршување на школувањето односно стручното оспособување и усовршување за офицер односно подофицер, имаат право на седум дена отсуство по јавувањето на должност.

**Член 123**

(1) Воен и цивилен персонал кој доброволно дарува крв има право на отсуство од работа од два последователни работни дена за секое дарување крв.

(2) Слободните денови се сметаат како да е на работа, односно служење на воениот рок.

**Член 124**

Заради особено залагање и успех во извршувањето на поставената задача на воениот и цивилен персонал на служба во Армијата:

- министерот за одбрана на воениот и цивилен персонал на служба во Армијата, има право да одобри платено отсуство од работа во траење до петнаесет дена;
- началникот на Генералштабот во Армијата на воениот и цивилен персонал на служба во Армијата, има право да одобри платено отсуство од работа во траење до десет дена;
- командантот на потчинетата команда на Генералштабот на Армијата во командата и воените единици со кои командува и воен старешина на раководна должност во Генералштабот на Армијата е предвиден чин полковник или повисок чин, има право на воениот и цивилниот персонал да одобри платено отсуство од работа во траење до седум дена;
- командантот на потчинетата команда и единица во ранг на полк-бригада или самостоен баталјон со кои командува, има право на воениот и цивилниот персонал да одобри платено отсуство од работа во траење до пет дена;
- командантот на баталјон во воената единица со која командува, има право на воениот и цивилниот персонал да одобри платено отсуство од работа во траење до три дена.

**Член 125**

(1) Активниот воен и цивилен персонал мора најмалку 30 дена пред користењето на годишниот одмор да биде известен за распоредот и траењето на годишниот одмор.

(2) Решение за користење годишен одмор и други отсуства од работа на воениот и цивилниот персонал донесува командантот на баталјонот и нему рамен или повисок воен старешина.

(3) Против решението за користење на годишниот одмор може да се изјави жалба до непосредно претпоставениот старешина на старешината кој го донел решението, во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

**Член 126**

(1) Кога неодложни потреби на службата тоа го бараат, командантот на баталјон и нему рамен или повисок воен старешина може на воен и цивилен персонал да му одложи, односно прекине користење на годишен одмор, а на војник на доброволно служење на воениот рок да му одложи односно прекине користење на отсуство.

(2) Одложувањето, односно прекинувањето на користење на годишниот одмор се врши во писмена форма.

(3) Во случаите од став (1) на овој член, воениот и цивилен персонал има право на надоместок на стварните трошоци настанати со одложувањето, односно прекинувањето на годишниот одмор или отсуството.

**Член 127**

За прашањата кои не се уредени во Глава X. "Работно, време, одмори и отсуства" во овој закон, ќе се применуваат одредбите од Законот за работните односи.

## XI. ОДГОВОРНОСТ НА ВОЕНИОТ И ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ

Материјална одговорност

**Член 128**

(1) Воен и цивилен персонал кој со намера или крајно невнимание ќе предизвика штета на средствата на Република Македонија во врска со вршење на службата во Армијата, должно е да ја надомести штетата.

(2) Ако штетата ја предизвикаат повеќе лица, секое лице е одговорно за делот на штетата што ја предизвикало.

(3) Ако за секое лице не може да се утврди делот од штетата што ја предизвикало, се смета дека сите лица се подеднакво одговорни и штетата ја надоместуваат во еднакви делови.

(4) Ако повеќе лица предизвикале штета со кривично дело со умисла, за штетата одговараат солидарно.

**Член 129**

Сметкополагачите и ракувачите со материјални средства и опрема одговараат за штетата на средствата кои им се доверени на чување, ако не докажат дека штетата ја причинило друго лице или дека настанала случајно или како последица на виша сила.

**Член 130**

(1) Министерството за одбрана е должно да ја надомести материјалната штета што воениот и цивилниот персонал во вршење на службата во Армијата ќе ја предизвика кон трети лица.

(2) Министерството за одбрана против воениот и цивилниот персонал од став (1) на овој член, ќе поведе постапка за надоместок на извршената исплата, ако штетата на трети лица ја предизвикале намерно или со крајно невнимание.

**Член 131**

(1) Ако воен и цивилен персонал претрпи штета во вршењето на службата во Армијата, Министерството за одбрана е должно да му ја надомести штетата според општите начела за одговорност за штета.

(2) Ако во рок од 60 дена од приемот на барањето Министерството за одбрана и воениот и цивилниот персонал не се спогодат за надоместок на штетата, воениот и цивилниот персонал има право да бара надомест на штета пред надлежниот суд.

**Член 132**

(1) Воениот и цивилниот персонал кој е одговорен за штета може од оправдани причини да биде делумно или целосно ослободен од обврската да ја надомести штетата.

(2) Како оправдани причини од став (1) на овој член се сметаат случаите кога:

- штетата не е причинета со намера;
- штетата настанала при изведување воена обука или вежба што се изведува во лоши временски услови или непристапен терен;
- штетата настанала заради сместување на опремата на начин кој не одговара на пропишаните услови;
- штетата настанала под околности кои не можеле да се избегнат или предвидат и
- доколку со исплатата на надоместокот на штетата се загрозува егзистенцијата на воениот и цивилниот персонал и неговото семејство.

(3) Решение за ослободување од обврската за надомест на штета може да се донесе само во постапка за утврдување на материјална одговорност.

**Член 133**

(1) За материјална одговорност на воениот и цивилниот персонал и за обврската за надомест на штета или за запирање на постапката во рок од една година од денот на поднесувањето на пријавата за настаната штета, во прв степен со решение одлучува командант на баталјон, нему рамен и повисок воен старешина или раководен админстративен службеник.

(2) По исклучок од став (1) на овој член, за материјалната одговорност на воениот и цивилниот персонал, за обврската за надомест на штета или за запирање на постапката, со решение одлучуваат:

- министерот за одбрана или од него овластено лице за воен и цивилен персонал поставен на должност во Министерството за одбрана, други органи на државната власт, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби;
- надлежниот воен старешина во командата, односно единицата или раководен админстративен службеник во која лицето е поставено или упатено на должност, за

штета причинета во друга команда, единица или организациона единица за која ќе се дознае по заминувањето на воениот и цивилниот персонал во друга команда, единица или организациона единица;

- надлежниот воен старешина од команда, единицата или раководен админстративен службеник во организационата единица во која лицето врши должност за штета причинета во повеќе команди, единици или организациони единици.

Против решението од ставовите (1) и (2) на овој член, воениот и цивилниот персонал има право на жалба во рок од осум дена од приемот на решението до:

- непосредно претпоставениот старешина на старешината кој го донел решението или до раководеното лице на админстративениот службеник кој го донел решението;

- до министерот за одбрана, против решение од началникот на Генералштабот на Армијата;

- до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, против решение од министерот за одбрана или од него овластено лице.

**Член 134**

(1) Во постапката за утврдување на материјалната одговорност, министерот за одбрана, односно воените старешини или раководен админстративен службеник од член 133 на овој закон во рок од 15 дена од денот на приемот за поднесена пријава за штета формираат комисија за утврдување на материјалната одговорност.

(2) Комисијата од став (1) на овој член утврдува постоење на материјална штета, нејзината висина, околностите под кои настанала, кој ја предизвикал штетата и кој треба да ја надомести или утврдува дека се исполнети условите за запирање на постапката и дава предлог до надлежното лице кој одлучува во постапката за утврдување на одговорност.

(3) Комисијата од став (1) на овој член при утврдување на висината на материјалната штета задолжително ја зема во предвид амортизацијата на материјалното средство што е предмет на надоместок на штета.

**Член 135**

Постапката за утврдување на материјална одговорност се запира во следните случаи:

- кога ќе се утврди дека нема штета или одговорност на пријавеното лице за причинетата штета;

- кога во текот на постапката лицето ќе ја признае одговорноста и ќе ја надомести причинетата штета;

- кога по преземањето на сите мерки да се пронајде сторителот на штетата, истиот ќе остане непознат или

- поради смрт на сторителот на штетата.

**Член 136**

На воениот и цивилниот персонал на кој му престанал работниот однос по било кој основ, а против кој е поведена или е во тек постапка за утврдување на материјална одговорност, по спроведување на постапката за утврдување на материјална одговорност, истата со решение се запира и се поведува постапка за надомест на штета пред надлежен суд.

**Член 137**

Ако воениот и цивилниот персонал во рок од три месеци од конечноста на решението за надомест на штета не ја надомести штетата, Министерството за одбрана ќе поведе постапка за надомест на штета пред надлежен суд.

**Член 138**

Начинот и постапката за утврдување материјална одоговорност на воениот и цивилниот персонал и висината на штетата го пропишува министерот за одбрана.

<u>Дисциплинска одговорност</u>

**Член 139**

(1) Воениот и цивилниот персонал е одговорен за вршење на службата.

(2) Воениот и цивилниот персонал е дисциплински одговорен за повреда на воената дисциплина.

(3) Воениот и цивилниот персонал одговараа дисциплински за:

1) дисциплинска неуредност и
2) дисциплински престап

(4) Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на воениот и цивилниот персонал.

**Член 140**

(1) Дисциплинска неуредност претставува полесна незначителна повреда на воената дисциплина, односно полесна повреда на угледот на службата или угледот на воениот и цивилниот персонал.

(2) Дисциплинска неуредност е:

1. Недоаѓање на работа во определеното време и заминување од работа пред истекот на работното време и покрај опомената од непосредно претпоставениот;
2. Неуредно чување на службените списи и податоци;
3. Неоправдано недоаѓање на работа до два работни дена во текот на една календарска година;
4. Непрописно носење на униформата;
5. Злоупотреба на службената легитимација;
6. Неоправдано неизвестување на непосредно претпоставениот за спреченоста за недоаѓање на работа во рок од 24 часа;
7. Ненавремено известување на претпоставениот од кое може да произлезат значителни последици по службата;
8. Одбивање на стручно оспособување и усовршување и разни видови на обука на кои воениот и цивилниот персонал се упатува;
9. Непримерно однесување со кое се урива угледот на Армијата и
10. Недисциплина во летањето и падобранството која можела да доведе до полесно загрозување на луѓето и оштетување на материјално-техничките средства.

**Член 141**

За дисциплинска неуредност можат да се изрече една од следните дисциплински мерки:

1. Писмено предупредување и

2. Парична казна во висина до 10% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на дисциплинската неуредност во траење од еден до три месеци за активниот воен персонал, односно 10% од едномесечниот износ на исплатениот месечен надоместок на активен резервен персонал.

**Член 142**

(1) Дисциплински престап претставува потешка повреда на воената дисциплина, односно потешка повреда на угледот на службата или угледот на воениот и цивилниот персонал.

(2) Дисциплински престап е:

1. Одбивање или неизвршување наредба;

2. Неизвршување или несовесно, непристојно, ненавремено или небрежно извршување на должностите;

3. Оддавање класифицирана информација и недоволна претпазливост во чувањето на воените акти и класифицираните информации;

4. Поттикнување или помагање на лице да изврши повреда на дисциплината;

5. Непочитување на безбедносните мерки кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето и имотот и повреда на прописите за заштита на животната средина;

6. Намерно со умисла погрешно известување, поднесување невистинити податоци и исправи или прикривање податоци во врска со вршење на воената служба;

7. Внесување и употреба на алкохол, опојни дроги и други псхихотропни супстанци и наркотични средства во воени објекти и работни простории на кои логоруваат воени единици или се изведуваат вежбовни активности на Армијата, или вршење служба под дејство на алкохол или наркотични средства;

8. Навредливо или насилничко однесување со кое се предизвикале или ќе се предизвикаат последици по имотот, лицата и службата во Армијата, како и животот и здравјето на луѓето и животната средина;

9. Одбегнување лекарски прегледи заради утврдување на способноста за вршење служба во Армијата;

10. Злоупотреба на боледувањето;

11. Злоупотреба на службената положба или пречекорување на службените овластувања;

12. Изразување и застапување политички ставови и убедувања во службата и предизвикување национална, верска и расна нетрпеливост;

13. Повреда на достоинството и авторитетот на претпоставен и постар;

14. Постапка со која се навредува достоинството и авторитетот на потчинет и помлад или се кршат права кои им припаѓаат согласно со закон;

15. Невнимателен однос кон доверениот имот, кражба, присвојување или нанесување штета на средствата на Министерството за одбрана и Армијата;

16. Полово вознемирување, изразено преку вербално, невербално или физичко однесување од полов карактер со кое се врши повреда на достоинството на воениот и цивилниот персонал, а кое предизвикува страв или создава непријатно, понижувачко или навредливо однесување;

17. Непочитување на редот и дисциплината пропишани со правилата за ред и дисциплина;

18. Примање на подароци или друг вид корист, со цел стекнување противправна имотна корист;

19. Повторување на дисциплинска неуредност;

20. Неоправдано изостанување од работа два последователни работни дена или четири работни дена во текот на една година;

21. Соучесништво во дисциплински престап или кривично дело;

22. Непреземање на мерки и постапки за примена на законските и подзаконските прописи;

23.Неоправдано напуштање или ненавремено враќање на должност во воената единица или установа;

24. Поставување на личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на воен и цивилен персонал;

25. Незаконито располагање со доверените материјални средства;

26. Психичко вознемирување на работно место (мобинг), изразено преку негативно однесување од поединец или група кое често се повторува (најмалку во период од шест месеци), а претставува повреда на достоинството, интегритетот, угледот и честа на воениот и цивилниот персонал и предизвикува страв или создава непријателско, понижувачко или навредливо однесување, што може да предизвика престанок на работниот однос односно службата или напуштање на работното место;

27. Недисциплина во летањето и падобранството која можела да придонесе до потешко загрозување на луѓето и оштетување на материјално-техничките средства;

28. Постапка со која секогаш и на секое место, без оглед дали се во униформа или не, воениот и цивилниот персонал не води сметка за своите постапки, непримерно се однесува, не ја репрезентира Армијата и не го чува угледот и достоинството на Армијата;

29. Прекршок со елементи на насилство;

30. Избегнување на задолжителен психијатриски и психолошки преглед и советување со психолог во случај од член 21 од овој закон,

31.Ненавремено поднесување на барање за добивање на безбедносен сертификат и

32. Друго постапување спротивно на правилата и прописите за вршење воена служба и овој закон.

**Член 143**

За дисциплински престап на активен воен персонал, активен резервен персонал и цивилен персонал, може да им се изречат следните дисциплински мерки:

1. Парична казна во висина од 10% до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец пред извршувањето на дисциплинскиот престап во траење од еден до шест месеци на активниот воен и цивилен персонал, односно 10% до 30% од едномесечниот износ на исплатениот месечен надоместок на активен резервен персонал;

2. Забрана за унапредување во повисок чин за време од една година;

3. Забрана за остварување на право за повисок степен на кариера за време од една година;

4. Одземање на чин и враќање во претходниот чин;

5. Губење на чин и

6. Престанок на работниот однос односно престанок на статус на активен воен персонал.

**Член 144**

На воениот персонал од член 3 став 1 точка 1 подточка б) заради повреда на воената дисциплина може да им се изречат следните дисциплински мерки:

1. Писмено предупредување;
2. Губење на право на едно викенд отсуство;
3. Одземање на чин и враќање во претходен чин и
4.Отстранување на питомец од Воената академија, односно лице на стручно оспособување и усовршување за офицери и подофицери.

**Член 145**

При изрекување на дисциплинските мерки се зема во предвид тежината на повредата на воената дисциплина и последиците од таа повреда, степенот на одговорноста на сторителот, околностите под кои повредата е сторена, поранешната работа и однесувањето на сторителот и други олеснителни и отежнителни околности.

**Член 146**

Збирот на паричните казни изречени во еден месец за дисциплинска неуредност и дисциплински престап, не може да надмине 30% од износот на неговата вкупна плата за тој месец.

**Член 147**

(1) Воениот и цивилнот персонал има право да поднесе иницијатива за покренување на дисциплинска постапка против воен и цивилен персонал која мора да биде образложена.

(2) Иницијативата од став 1 на овој член се поднесува до надлежните лица за изрекување на дисциплински мерки од член 139 од овој закон, како и до непосредно претпоставениот старешина односно непосредно претпоставениот раководен државен службеник.

(3) Во текот на дисциплинската постапка, на сторителот на повредата на воената дисциплина мора да му се овозможи да се произнесе по сите наводи што постојат против него.

**Член 148**

(1) Дисциплинските мерки на воениот и цивилниот персонал се изрекуваат со решение.

(2) Со решение се одлучува и за отфрлање на предлогот, односно за запирање на постапката.

**Член 149**

(1) Против решението со кое е изречена дисциплинска мерка, воениот и цивилниот персонал има право на жалба.

(2) Жалбата се поднесува во рок од осум дена од денот на врачувањето на решението, до непосредно претпоставениот на лицето кое го донело решението со кое е изречена дисциплинската мерка.

(3) По жалбата поднесена против решението донесено од началникот на Генералштабот на Армијата одлучува министерот за одбрана, а по жалбата поднесена против решението донесено од министерот за одбрана, одлучува Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(4) Решението донесено по жалбата е конечно.

**Член 150**

(1) Дисциплински мерки изрекуваат:

1. Командир на чета/наставна група, за дисциплински мерки:
- Писмено предупредување и
- Губење на право на едно викенд отсуство.

2. Командант на баталјон, за дисциплински мерки:
- Писмено предупредување;
- Губење на право на две последователни викенд отсуства;
- Парична казна во висина до 15% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец во траење од еден до три месеци за активниот воен и цивилен персонал, односно 15% од едномесечниот износ на исплатениот месечен надоместок на активниот резервен персонал.

3. Командант на самостоен баталјон и командант на полк-бригада, за дисциплински мерки:
- Писмено предупредување;
- Парична казна во висина до 20% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец во траење од еден до шест месеци за активниот воен и цивилен персонал, односно 20% од едномесечниот износ на исплатениот месечен надоместок на активниот резервен персонал.
- Одземање на чин и враќање во претходен чин за професионалните војници.

4. Командантите на првопотчинетите команди и единици на Генералштабот на Армијата, за дисциплински мерки:
- Писмено предупредување;
- Парична казна во висина до 25% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец во траење од еден до шест месеци;
- Отстранување на лица од стручно оспособување и усовршување за подофицери кое се организира и спроведува во единиците на Армијата и
- Одземање на чин и враќање во претходен чин за воени старешини до чин капетан и професионалните војници поставени на должности во командите и потчинетите единици од својот состав.

5. Деканот на Воената академија за дисциплинска мерка:
- Отстранување на лице од стручно оспособување и усовршување за офицери кое се организира и спроведува на Воената акдемија.

6. Воени старешини на раководни должности во Генералштабот на Армијата за кои со формацијата е предвиден чин полковник или повисок чин, за дисциплински мерки:
- Писмено предупредување;
- Парична казна во висина до 20% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец во траење од еден до шест месеци.

7. Началникот на Генералштабот на Армијата, за дисциплински мерки:
- Писмено предупредување;

- Парична казна во висина до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец во траење од еден до шест месеци;

- Одземање на чин и враќање во претходен чин за воени старешини со чин мајор и потполковник и за сите воени старешини заклучно со чин потполковник и професионалните војници поставени на должност во Генералштабот на Армијата и во првопотчинетите команди-единици заклучно со ранг до баталјон,

- Престанок на школување на питомец во Воената академија.

- Престанок на работниот однос за активниот воен персонал заклучно со чин капетан и цивилниот персонал поставен на должност во Армијата.

8. Министерот за одбрана или од него овластено лице, за дисциплински мерки:

- Писмено предупредување за воени старешини до чин полковник на должност во Министерството за одбрана, воените претставништва и други мисии и тела во странство;

- Парична казна во висина до 30% од едномесечниот износ на платата исплатена во последниот месец во траење од еден до шест месеци за воени старешини до чин полковник на должност во Министерството за одбрана, воените претставништва и други мисии и тела во странство;

- Одземање на чин и враќање во претходен чин за воени старешини со чин полковник и за воениот персонал поставен на должност во Министерството за одбрана, воените претставништва и други мисии и тела во странство;

- Престанок на работниот однос за воени старешини од чин мајор до полковник и за воениот персонал поставен на должност во Министерството за одбрана, воените претставништва и други мисии и тела во странство.

- Престанок на статус на персонал од резервните сили;

- Губење на чин за воени старешини до чин полковник поставени на должност во Армијата и на должност во Министерството за одбрана, воените претставништва и други мисии и тела во странство.

9. Поблиски прописи за дисциплинска одговорност на воените старешини со чин генерал ги донесува претседателот на Републиката и врховен командант на Армијата.

**Член 151**

(1) Надлежните лица за изрекување на дисциплински мерки од член 143 од овој закон, формираат комисија за спроведување на постапката за утврдување на дисциплинска одговорност.

(2) За изрекување на дисциплинските мерки престанок на работниот однос и губење на чин, министерот за одбрана формира Главна Воено-дисциплинска комисија.

**Член 152**

(1) Поведувањето дисциплинска постапка застарува во рок од 60 дена од денот кога претпоставениот дознал за повредата на воената дисциплина.

(2) Дисциплинска постапка не може да се поведе ако од денот кога е сторена повредата на воената дисциплина поминала една година.

(3) Дисциплинската постапка во прв степен не може да се води подолго од шест месеци сметано од денот на поведувањето на постапката.

(4) Дисциплинската мерка не може да се изврши по истекот на три месеци од денот кога решението за изречената дисциплинска мерка станало конечно.

**Член 153**

Воениот и цивилниот персонал до донесување конечна одлука за утврдување на неговата дисциплинска одговорност, времено се отстранува од служба ако:

- непосредно го загрозува животот и здравјето на лицата или имот од поголема вредност;
- неговото натамошно присуство на работа штетно се одразува врз службата;
- го осуетува или оневозможува утврдувањето на неговата дисциплинска одговорност и
- со своите постапки без оглед дали е во униформа или не, непримерно се однесува, со што не ја репрезентира Армијата и не го чува угледот и достоинството на Армијата.

**Член 154**

Во случаите од член 146 на овој закон, активниот воен и цивилен персонал има право на плата во висина од 60 % од последната исплатена плата во месецот пред покренувањето на дисциплинската постапка што се утврдува со решение.

**Член 155**

(1) Решение за времено отстранување од служба донесува командантот на баталјон нему рамен или повисок воен старешина, а за воените старешини поставени на должност во Министерството за одбрана, други органи на државната власт, трговски друштва, јавни претпријатија, установи и служби, решение донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2) Против решението од став (1) на овој член, во рок од осум дена, може да се изјави жалба до непосредно претпоставениот на надлежниот кој го донел решението, а против решението донесено од министерот за одбрана или од него овластено лице, жалба може да се изјави до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

(3) Жалбата не го задржува решението од извршување.

**Член 156**

(1) Начинот на поведување и водење на дисциплинската постапка, за утврдување на дисциплинската одговорност и начинот на работата на комисиите, поблиску ги пропишува министерот за одбрана.

(2) Поблиските прописи за дисциплинска одговорност на воените старешини со чин генерал ги донесува Претседателот на Републиката и врховен командант на Армијата. (

## XII.СИСТЕМ НА ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТИ

<u>Плати на активен воен персонал</u>

**Член 157**

(1) Активниот воен персонал има право на плата и додатоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон.

(2) Платата и додатоците на плата на активниот воен персонал се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) Платата се пресметува и исплатува најмалку еднаш месечно.

(4) Придонесите и персоналниот данок од доход за активниот воен персонал ги пресметува, задржува и уплатува Министерството за одбрана со исплата на платата, во согласност со закон.

(5) Министерството за одбрана води евиденција на платите, додатоците, исплатените придонеси и персоналниот данок од доход и за нив на активниот воен персонал му издава потврда дека се исплатени.

**Член 158**

(1) Платата на активниот воен персонал се состои од основна плата и плата за вршење на служба во Армијата.

(2) Основната плата се искажува во коефициенти по чин и група за должност согласно актот за формација, а се пресметува со множење на одредениот коефициент со 80% од вредноста на просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија за претходното тромесечје.

(3) Плата за вршење на служба во Армијата припаѓа заради посебните услови на службата во Армијата и се пресметува во висина од најмалку 30% од просечната просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија во претходно тромесечие.

(4) Висината на платата од ставот (3) на овој член со решение ја утврдува министерот за одбрана со донесување на буџет.

**Член 159**

(1) Основната плата на активниот воен персонал се определува според коефициент за чин и група за должност согласно актот за формација и тоа:

| Чин | Група за должност | Коефициент |
|---|---|---|
| Генерал | 1 | 4 |
| Генерал потполковник | 2 | 3.7 |
| Генерал мајор | 3 | 3.4 |
| Бригаден генерал | 4 | 3.2 |
| Полковник | 5 | 3 |
| | 6 | 2.9 |
| Потполковник | 7 | 2.8 |
| | 8 | 2.7 |
| Мајор | 9 | 2.6 |
| | 10 | 2.5 |
| Капетан | 11 | 2.4 |
| | 12 | 2.3 |

| | | |
|---|---|---|
| Поручник | **13** | **2.15** |
| Потпоручник | **14** | **2.0** |
| Главен наредник | **15** | **1.9** |
| Наредник | **16** | **1.8** |
| Постар водник I. Класа | **17** | **1.7** |
| Постар водник | **18** | **1.6** |
| **Чин** | **Група за должност** | **Коефициент** |
| Водник I. Класа | **19** | **1.5** |
| Водник | **20** | **1.4** |
| Помлад водник | **21** | **1.35** |
| Десетар | **21** | **1.3** |
| Разводник | **21** | **1.25** |
| Професионален војник | **21** | **1** |

(2) Основната плата се пресметува со множење на одреден коефициент со 80% од вредноста на просечна исплатена нето плата по вработен во Републиката за претходното тромесечје со ниво на коефициент од **1** до **4**.

**Член 160**

Работното искуство се пресметува во висина од 0,5% од просечната месечна нето плата по вработен во Министерство за одбрана, исплатена во претходната година за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

**Член 161**

(1) Додатоците на плата ги сочинуваат:

1. додаток за вршење специфична воена служба,
2. додаток за вршење служба на работни места штетни по здравје;
3. додаток за вршење должност (тактичко, оперативно и стратегиско ниво);
4. додаток за посебен степен на образование;
5. додаток за застапување и
6. додаток за вршење служба во смени.

(2) Додатоците на плата влегуваат во платата и претставуваат основица за пресметување на просек за пензија.

**Член 162**

(1) Додатокот на плата за специфична воена служба припаѓа само во период на вршење специфична воена служба и се вреднува со ниво на коефициенти од **1** до **6,** во зависност од должноста и условите под кои се врши.

(2) Висината на додатокот од став (1) на овој член изнесува 10 % од просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија во претходно тромесечје помножена со коефициент за должност и условите под кои се врши.

(3) Министерот за одбрана со посебен правилник ги утврдува должностите и условите под кои се врши специфична воена служба.

**Член 163**

(1) Додатокот на плата за вршење служба на работни места штетни по здравје припаѓа само во период на вршење на служба изложена на штетност по здравје и се вреднува со ниво на коефициенти од **0,18** до **1,8** во зависност од условите под кои се врши.

(2) Висината на додатокот од став (1) на овој член изнесува 10 % од просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија во претходно тромесечје помножена со коефициент за работното место штетно по здравје и условите под кои се врши.

(3) Министерот за одбрана со посебен правилник ги утврдува условите под кои се врши служба изложена на штетност по здравје.

(4) Активниот воен персонал остварува право на најповолен додаток.

**Член 164**

(1) Додатокот на плата за вршење должност (тактичко, оперативно и стратегиско ниво) припаѓа на активниот воен персонал за служба во единици, команди, штабови, министерство за одбрана и други институции.

(2) Висината на додатокот на плата од став (1) на овој член, во зависност од должноста, изнесува 10% од вредноста на просечна исплатена нето плата во Република Македонија за претходното тромесечје помножена со коефициент од 1 до 4, и тоа за:

| **Должност** | **Коефициент** |
|---|---|
| Основен тактички додаток | 1,00 |
| Тактички додаток за лидер на тим | 1,07 |
| Тактички додаток за командир на одделение | 1,14 |
| Тактички додаток за заменик командир на вод | 1,21 |
| Тактички додаток за командир на вод | 1,29 |
| Тактички додаток за заменик командир на чета и прв подофицер во чета | 1,36 |
| Тактички додаток за командир на чета | 1,43 |
| Тактички додаток за заменик командант на баталјон/началник на штаб на баталјон, прв подофицер на баталјон | 1,57 |
| Тактички додаток за командант на баталјон | 1,71 |
| Тактички додаток за штаб на полк/бригада | 1,79 |
| Тактички додаток за началник на секција и главен подофицер во | 1,86 |
| Тактички додаток за заменик командант и началник на штаб во | 2,00 |
| Тактички додаток за командант на полк/бригада | 2,20 |
| Основен оперативен додаток | 2,00 |
| Оперативен додаток за раководител на одделение, главен подофицер во оперативна команда | 2,29 |
| Оперативен додаток за началник на секција, шеф на кабинет | 2,57 |

| | |
|---|---|
| Оперативен додаток за заменик командант и началник на штаб во оперативна команда | 2,86 |
| Оперативен додаток за командант на оперативна команда | 3,20 |
| Основен стратегиски додаток | 3,00 |
| Стратегиски додаток за раководител на одделение, главен подофицер на | 3,29 |
| Стратегиски додаток за раководител на сектор/секција, и шеф на | 3,57 |
| Стратегиски додаток за Директор на ГШ и ЗНГШ | 3,71 |
| Стратегиски додаток за Началник на ГШ на АРМ | 4,00 |

**Член 165**

(1) Додатокот на плата за посебен степен на образование припаѓа на активниот воен персонал за формациски места за кои е предвиден втор или трет циклус на студии, специјализација или соодветно стручно оспособување и усовршување.

(2) Додатокот на плата од ставот (1) на овој член изнесува 10% од вредноста на просечно исплатена нето плата по вработен во Република Македонија за претходното тромесечје помножена со коефициент од 0,2 до 1,8 и тоа:

| | |
|---|---|
| ШНО/Доктор на науки | 1,80 |
| Специјализација во здравствена дејност | 1,60 |
| КША / магистратура | 1,40 |
| Правосуден испит | 1,20 |
| Штабен курс за офицери | 1,00 |
| Курс за К-дир на чета, Академија за главен подофицер | 0,80 |
| Командно штабен курс за подофицери | 0,70 |
| Курс за Прв подофицер во Чета | 0,60 |
| Борбен штабен курс за подофицери | 0,50 |
| Напреден курс за подофицери | 0,40 |
| Методички курс | 0,30 |
| Курс за лидери | 0,20 |

(3) Додатокот на платата од став (1) на овој член припаѓа само по еден основ.

**Член 166**

(1) Додатокот на плата за застапување од член 87 од овој закон се пресметува во висина на 20% од платата која лицето ја застапува.

(2) Додатокот на плата од став (1) на овој член се пресметува од денот на отпочнување со извршување на должноста која лицето ја застапува.

**Член 167**

Додатокот за вршење служба во смени односно во турнус, се пресметува во висина на 5% од платата пресметана по час.

**Член 168**

Додатоците на плата од членовите 162 до 167 од овој закон, меѓусебно не се исклучуваат.

**Член 169**

(1) Офицерите со генералски чинови, покрај додатоците на плата од овој закон, остваруваат и право на посебен додаток заради вршење на стручни работи за организирање, подготвување и командување со Армијата.

(2) Додатокот на плата од став (1) на овој член изнесува 10% од вредноста на просечна нето исплатена плата во Републиката за претходното тромесечје помножена со коефициент од 1,8 до 12,6 во зависност од чинот.

(3) Висина на додатокот од став (2) на овој член со правилник ја утврдува Министерот за одбрана.

Надоместоци на плата

**Член 170**

Активниот воен персонал има право на надоместоци на плата за време на отсуство од работа и тоа: за време годишен одмор; боледување; бременост; раѓање и мајчинство; нега на дете; преквалификација и доквалификација; стручно оспособување и усовршување како и јавување на покани на судски и други органи.

**Член 171**

Надоместокот на плата за време на користење годишен одмор на активниот воен персонал е во висина на платата и додатоците на плата која би ја примил во тековниот месец кога би бил на работа.

**Член 172**

(1) Надоместокот на плата за време отсуство од работа поради боледување на активниот воен персонал изнесува:

- за боледување до седум дена - 70%;
- за боледување до 15 дена почнувајќи од првиот ден на боледувањето - 80% и
- за боледување до 30 дена за сите денови - 90% од платата на активниот воен персонал исплатена во претходниот месец.

(2) За професионални заболувања и повреди на работа, надоместокот се утврдува во висина од 100% од основицата утврдена во став (1) на овој член.

**Член 173**

Надоместокот на плата за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, како и за нега на дете и јавување на покани на судски и други органи на активниот воен персонал се пресметува и исплатува согласно прописите за работни односи.

**Член 174**

Надоместокот на платата за време на отсуство од работа заради преквалификација и доквалификација или стручно оспособување и усовршување на кое активниот воен персонал е упатен за потребите на службата е во висина на плата и додатоците на платата кои активниот воен персонал ги примал пред упатувањето на преквалификација и доквалификација, односно пред заминување на стручно оспособување и усовршување.

**Член 175**

(1) На активниот воен и цивилен персонал кој со посебно ангажирање и квалитет во извршувањето на работата ќе оствари особени резултати во службата, може да му се додели парична награда во износ до две негови нето плати.

(2) За паричната награда од став (1) на овој член до висина на една негова нето плата одлучува началникот на Генералштабот на Армијата, а до висина на две негови нето плати одлучува министерот за одбрана.

(3) Начинот на доделување на паричната награда од ставовите (1) и (2) на овој член го пропишува министерот за одбрана.

**Член 176**

За време на штрајк, активниот воен и цивилен персонал има право на плата во висина од 60% од платата што ја примил претходниот месец.

За време на штрајк, активниот воен и цивилен персонал има право на плата во висина од 100% од платата што ја примил претходниот месец, доколку причината за штрајк е барање за почитување на стекнати права од работен однос.

**Член 177**

Додека трае отстранувањето од служба, активниот воен и цивилен персонал има право на плата во висина од 60% од последната исплатена плата пред поведувањето на дисциплинската постапка.

**Член 178**

Во случај на престанок на работниот однос поради пензионирање, активниот воен и цивилен персонал има право на еднократен надоместок во вид на отпремнина, во износ од десет просечни месечни плати исплатени во Републиката во последните три месеци.

**Член 179**

(1) Решение за плати, надоместоци на плати и други надоместоци на активниот воен и цивилен персонал донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2) Против решението од став (1) на овој член, во рок од осум дена може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

<u>Плати и надоместоци на плати на цивилниот персонал</u>

**Член 180**

(1) Цивилниот персонал има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон.

(2) Платата и надоместоците на плата на цивилниот персонал се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија.

(3) Платата се искажува во коефициенти, а се пресметува со множење на одреден коефициент со 80% од вредноста на просечна исплатена нето плата во Република Македонија за претходното тромесечје.

(4) Платата се пресметува и исплатува најмалку еднаш месечно.

(5) Придонесите и персоналниот данок од доход за цивилниот персонал ги пресметува, задржува и уплатува Министерството за одбрана со исплата на платата, во согласност со закон.

(6) Министерството за одбрана води евиденција на платите, надоместоците на платите, другите надоместоци, исплатените придонеси и персоналниот данок од доход и за нив на цивилниот персонал му издава потврда дека се исплатени.

**Член 181**

(1) Платата на цивилниот персонал се состои од плата и додатоци на плата.

(2) Плата се определува според степен на образование за работно место и години на ефективен работен стаж, вршење на служба во Армијата, работно искуство и додатоци.

(3) Додатоците на плата ги сочинуваат: додаток за вршење специфична воена служба, додаток за вршење служба штетна по здравје; додаток за вршење должност (тактичко, оперативно и стратегиско ниво); додаток за посебен степен на образование; додаток за застапување и додаток за вршење служба во смени.

(4) Платата и додатоците на плата влегуваат во основицата за пресметување на просек за пензија.

**Член 182**

(1)Платата се определува според степенот на образование и години на ефективен работен стаж и тоа:

| Степен на образование | Години на ефективен работен стаж | Коефициент |
|---|---|---|
| **Високо образование** | **36** | **2.8** |
| **Високо образование** | **29** | **2.6** |
| **Високо образование** | **22** | **2.45** |
| **Високо образование** | **15** | **2.3** |
| **Високо образование** | **10** | **2.15** |
| **Високо образование** | **5** | **2** |
| **Средно образование** | **36** | **1.8** |
| **Средно образование** | **29** | **1.6** |
| **Средно образование** | **22** | **1.45** |
| **Средно образование** | **15** | **1.3** |
| **Средно образование** | **10** | **1.15** |
| **Средно образование** | **5** | **1** |

(2) Платата се пресметува според степенот на образование и години на ефективен работен стаж со множење на одреден коефициент со 80% од вредноста на просечна

исплатена нето плата во Републиката за претходното тромесечје со ниво на коефициент од **1** до **2,8**.

**Член 183**

Плата за вршење на служба во Армијата се пресметува и е во висина како и за активниот воен персонал од овој закон.

**Член 184**

Работното искуство се пресметува како и за активниот воен персонал од овој закон.

**Член 185**

Цивилниот персонал остварува право на додатоци на плата, надоместоци на плата и други надоместоци утврдени со овој закон под исти услови како и активниот воен персонал.

## XIII. ДРУГИ НАДОМЕСТОЦИ

**Член 186**

(1) Воениот и цивилниот персонал има право на надоместоци за:

1.патни, дневни и други трошоци за службени патувања во земјата и странство;

2. трошоци за користење возило во лична сопственост за службени цели;

3. трошоци за одвоен живот од семејството (брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување);

4. парична помош во случај на смрт на член од семејство (родител, брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци, посвоени деца и деца земени на издржување);

5. штета при елементарни непогоди;

6. селидбени трошоци;

7. трошоци за превоз;

8. трошоци за исхрана;

9. вршење на служба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови.

(2)Висината на надоместоците од точките 1 до 6 на овој член и начинот на распределувањето, се исти како и за административните службеници.

(3) Начинот за исплата и висината на надоместоците од точките 7 до 9 на овој член, ги пропишува министерот за одбрана.

(4) На товар на буџетот на Министерството за одбрана, за активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата се организира превезување до и од работното место, како и топол оброк за време на работа.

(5) По исклучок од став (4) од овој член доколку не постојат можности да се организира превезување до и од работното место, се исплаќаат трошоци за превоз во висина на стварните трошоци за најевтино превозно средство од јавниот сообраќај, или

трошоци за превоз до и од најблиското место на организираниот превоз, а најмногу до висината на трошоците за одвоен живот од семејството.

(6) По исклучок од став (4) од овој член доколку не се обезбеди исхрана, се исплаќаат трошоците за исхрана кои изнесуваат 15% од просечната исплатена нето плата по вработен исплатена во Републиката во претходното тромесечје.

**Член 187**

Надоместокот на трошоци за одвоен живот од семејството се исклучува со правото на исплата на стварни трошоци за превоз и правото на користење на организиран превоз.

**Член 188**

Надоместоците, нивната висина и начинот на распределување на средствата за лицата на доброволно служење на воен рок и припадниците на резервните сили, ги пропишува министерот за одбрана.

**Член 189**

(1) Активниот воен и цивилен персонал има право на еднократен паричен надоместок во случај на повреда и оштетување на организмот ако:

1. Во вршење на службата или во врска со вршење на службата во мир без негова вина здобил рана или повреда па поради тоа настанало оштетување на организмот од најмалку 20% и
2. Без негова вина настанало оштетување на организмот од најмалку 20% поради болест што настапила или се влошила, како последица од службата.

(2) Небрежноста односно невниманието не се смета за вина во смисла на став (1) на овој член.

(3) Степенот на повреда и оштетување на организмот го утврдува Воено лекарската комисија од член 198 од овој закон.

(4) Надоместокот од став (1) на овој член зависи од степенот на оштетувањето на организмот и се определува во висина од 10 до 30 просечни нето плати исплатени во Министерството за одбрана за последниот месец пред настанување на повредата и оштетувањето на организмот.

(5) Начинот за остварување на еднократниот паричен надоместок и неговата висина поблиску го пропишува министерот за одбрана.

(6) Паричниот надоместок за телесно оштетување од став (1) на овој член се обезбедува од средствата на Министерството за одбрана.

(7) Решение за остварување на право од овој член донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

**Член 190**

(1) Активниот воен и цивилен персонал кај кого ќе настапи смрт ќе се погребе на трошок на Министерството за одбрана.

(2) Како погребни трошоци во смисла на став (1) на овој член се признаваат трошоците за превоз на починатиот од местото на настанување на смртта до местото на погребување, сандак со опрема и венец и гробно место.

(3) За трошоците сторени за надгробна плоча, споменик и погреб со традиционален обичај се признава еднократен паричен надомест во висина од пет

просечни месечни плати исплатени во Републиката последниот месец пред настапување на смртта.

(4) На семејството на воен и цивилен персонал од став (1) на овој член му припаѓа еднократен паричен надоместок во висина од 50 просечни исплатени плати во последните шест месеци според Заводот за статистика во Р. Македонија пред настанување на смртта.

(5) Надоместокот од овој член го остварува и персоналот на резервните сили доколку смртта настапила за време на неговото ангажирање на служба во Армијата.

(6) Решение за остварување на право од овој член донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

## XIV.НАДОМЕСТОК ЗА СТАНБЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

### Член 191

(1) Активен воен и цивилен персонал кој има засновано работен однос на неопределено време во Армијата, му се исплатува надоместок на трошоци за станбено обезбедување.

(2) Активен воен персонал кој има засновано работен однос на определено време во Армијата, правото од став (1) од овој член може да го оствари по потпишување на вториот договор за служба во Армијата.

(3) Висината на надоместок на трошоци за станбено обезбедување е во висина на трошоците за одвоен живот.

## XV.УЧЕСТВО НА АРМИЈАТА ВО МЕЃУНАРОДНИ ВОЕНИ ОРГАНИЗАЦИИ, КОМАНДИ, ШТАБОВИ И ВОЕНИ ЕДИНИЦИ

### Член 192

(1) Воени претставници на Републиката во странство се: одбранбени аташеа, членови на воените мисии, команди и штабови и други меѓународни организации во странство претставувани од воен и цивилен персонал, согласно актот за систематизација на Министерството за одбрана.

(2) Статусот ( дипломатски или службен) на Воените претставници од став (1) на овој член и членовите на нивното потесно семејство кое го придружуваат го пропишува министерот за одбрана.

(3) Начинот на избор, упатување и враќање на лицата од став (1) од овој член ги утврдува министерот за одбрана.

(4) Воениот и цивилниот персонал од став (1) на овој член покрај плата остварува и право на надоместоци.

(5) Платата, од став (4) се пресметува и се исплаќа во висина на последната утврдена плата во Републиката пред упатувањето.

(6) Надоместоците и висината на надоместоците на лицата од став (4) на овој член, како и на членовите на нивното потесно семејство кои го придружуваат, ги пропишува министерот за одбрана.

### Член 193

(1) Статус на воен претставник на Републиката во смисла на член 192 став (1) од овој закон има и воениот и цивилниот персонал кој е упатен во воени мисии, команди,штабови и други меѓународни организации стационирани во Републиката.

(2) Надоместоците и висината на надоместоците на лицата од став (1) на овој член, ги пропишува министерот за одбрана.

**Член 194**

(1) Воениот и цивилниот персонал кој учествува во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, покрај плата остварува и право на надоместок за учество во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката.

(2) Платата од став (1) на овој член, се пресметува и се исплаќа во висина на последна утврдена плата во Републиката пред упатувањето во мировната мисија.

(3) Висината на надоместокот од став (1) на овој член, го пропишува министерот за одбрана.

**Член 195**

(1) За време на учество на воениот и цивилниот персонал во вежбовни активности и обука и во хуманитарни или мировни операции надвор од територијата на Републиката, за нивните семејства се грижи Министерството за одбрана и Армијата.

(2) Начинот на грижата за семејствата од став (1) на овој член, го пропишува министерот за одбрана.

**Член 196**

Воениот и цивилен персонал кој учествува во хуманитарни операции и мировни мисии надвор од територијата на Републиката кои траат шест месеци или подолго, по завршување на мисијата има право на отсуство од работа со надомест на плата во траење од десет работни дена.

## XVI.ЗДРАВСТВЕНА И ФИЗИЧКА СПОСОБНОСТ НА ВОЕНИОТ ПЕРСОНАЛ ЗА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА

**Член 197**

(1) За вршење служба во Армијата, воениот персонал потребно е да има посебна здравствена и физичка способност.

(2) Мерилата за оценување на посебната здравствена и физичка способност за служба во Армијата ги пропишува министерот за одбрана.

**Член 198**

(1) Посебната здравствена способност за вршење на служба во Армијата на воениот персонал ја утврдува на секои дванаесет месеци военолекарска комисија формирана од министерот за одбрана.

(2) Комисијата од став (1) на овој член дава наод, оценка и мислење за здравствената способност за служба во Армијата и тоа за:

1. прием на служба;
2. промена на воеоевиденциската специјалност;
3. промена на формациското место;
4. ослободување од извршување одредени должности во службата за период до шест месеци;

5. остварување право на ослободување од учество со лични средства при користење на здравствени услуги по отпуштање од Армијата, под условите утврдени во член 25 од овој закон;

6. степенот на повредата и оштетеност на организмот за остварување на право на еднократен паричен надоместок под условите утврдени во член 189 од овој закон;

7. загубување на здравствената и физичката способност за служба во Армијата.

(3) Начинот на работа на военолекарската комисија од став (1) на овој член го пропишува министерот за одбрана.

**Член 199**

(1) Физичкатата способност за прием на воен персонал на служба во Армијата, физичката подготвеност на воениот персонал на должност во Министерствот за одбрана како и кандидатите за упатување во мировни и хуманитарни операци ја утврдува комисија формирана од министерот за одбрана.

(2)Проверка на физичката подготвеност во текот на службата во Армијата на воениот персонал ја спроведуваат комисии формирани во командите и единиците на Армијата во ранг на баталјон и повисоко.

(3) Начинот, постапката и работата на комисиите од став (1) и став (2) на овој член го пропишува министерот за одбрана.

**Член 200**

(1) Врз основа на наодот, оценката и мислењето на Военолекарската комисија од член 198 став (2) точките 1, 6, и 7 од овој закон, министерот за одбрана или од него овластено лице донесува решение за остварување на правото на воениот персонал во врска со здравствената способност за служба во Армијата.

(2) Врз основа на наодот, оценката и мислењето на Военолекарска комисија од член 198 став (2) точките 2, 3, 4 и 5 од овој закон, началникот на Генералштабот на Армијата за воениот персонал до чин полковник поставени на должност во Армијата, а министерот за одбрана за воениот персонал до чин полковник поставени на должност во Министерството за одбрана, донесува наредба за остварување на правото на воениот персонал во врска со здравствената способност за служба во Армијата.

(3) Против решенијата, односно наредбите од ставовите (1) и (2) на овој член, може да се изјави жалба согласно член 14 став (1) од овој закон.

**Член 201**

(1) За остварување на правата по основ на инвалидност поради губење на работната способност, преостаната работна способност, телесно оштетување и неспособност за работа на воениот персонал, одлучува надлежната комисија за оцена на работната способност според прописите за пензиското и инвалидското осигурување.

(2) Военолекарската комисија од член 198 од овој закон, врз основа на свој наод, оцена и мислење го упатува воениот персонал до комисијата од став (1) на овој член.

**Член 202**

Утврдувањето на здравствената способност на воените летачи и на воените контролори на летање за вршење на соодветна служба, се врши во согласност со прописите што се однесуваат на утврдувањето на здравствената способност на персоналот во воздухопловството и друг стручен персонал.

**Член 203**

(1) За утврдување на здравствената и физичката способност на воените летачи за вршење на летачка служба, воените летачи се упатуваат на лекарски прегледи секои дванаесет месеци.

(2) Воените летачи се упатуваат на вонредни лекарски прегледи по доживеана воздухопловна несреќа, телесна повреда или по препорака на лекар од воздухопловната единица.

**Член 204**

(1) Активниот воен персонал е должен да ја одржува здравствената и физичката способност за служба во Армијата.

(2) Активниот воен персонал е должен да се јавува на редовни и вонредни прегледи заради утврдување на неговата здравствена и физичка способност за служба во Армијата.

**Член 205**

(1) Активен воен и цивилен персонал за утврдување на здравствената способност, се упатува на редовни здравствени прегледи секои дванаесет месеци.

(2) Начинот на спроведување на редовни и вонредни здравствени прегледи на активниот воен и цивилен персонал, ги пропишува министерот за одбрана.

## XVII. ШКОЛУВАЊЕ, СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ И СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛУЖБАТА И ОБВРСКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ СЛУЖБА ПО НИВНОТО ЗАВРШУВАЊЕ

<u>Упатување на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата</u>

**Член 206**

(1) Министерството за одбрана заради потребите на службата во Армијата, може да упати воен и цивилен персонал на служба во Армијата на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација во високи воени школи и факултети во земјата или во странство по доставен предлог од началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија.

(2) Меѓусебните права и обврски на воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата од став (1) на овој член и Министерството за одбрана се уредуваат со договор, во согласност со овој закон.

(3) Начинот на избор на кандидати, упатување, трошоците и други прашања во врска со школувањето, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата во високи воени школи и факултети го утврдува министерот за одбрана.

(4) Решение за избор на кандидати за школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација во високи воени школи и факултети во земјата и во странство донесува министерот за одбрана.

(5) Наредба за упатување на избраните кандидати за школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација во високи воени школи и факултети во земјата и во странство за воениот и цивилниот персонал на служба во Министерството за одбрана донесува министерот за одбрана, а за воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата донесува началникот на Генералштабот на Армијата.

Обврска за извршување на служба по завршено школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација

**Член 207**

Воениот и цивилниот персонал на служба во Армијата упатени на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата во Армијата по завршеното школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација се распоредуваат согласно потребите на Армијата и Министерството за одбрана.

**Член 208**

Воениот и цивилниот персонал упатен на школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација за потребите на службата во Армијата и питомците на Воена Академија, по завршеното школување, стручно оспособување и усовршување и специјализација на товар на Министерството за одбрана, во зависност од времето поминато на школување, стручно оспособување и уосвршување и специјализација должни се да останат на служба во Армијата три пати подолго од времетраењето на школувањето, стручното оспособување и усовршување и специјализацијата, но не подолго од десет години.

## XVIII. ПОДГОТОВКА ЗА ВРАЌАЊЕ ВО ЦИВИЛЕН ЖИВОТ

**Член 209**

(1) Активен воен и цивилен персонал на служба во Армијата, поради структурни промени во актот за формација на Армијата, остварува право на пакет за враќање во цивилен живот шест месеци пред престанокот на работниот однос.

(2) Право од став (1) на овој член остваруваат и воени старешини офицери односно подофицери, професионални војници и цивилен персонал на служба во Армијата, поради загубена здравствена и физичка способност за служба во Армијата.

(3) Пакетот за враќање во цивилен живот опфаќа советување за справување со промените и избор на втора кариера во цивилните структури, стручно оспособување за цивилни професии и советување и поддршка за користење на програмите и проектите на Владата на Република Македонија за вработување или самовработување.

(4) Начинот за остварување на правото од став (1) на овој член го пропишува министерот за одбрана.

**Член 210**

(1) Стручното оспособување за цивилни професии заради подготовка за враќање во цивилен живот опфаќа преобука, прекфалификација или доквалификација.

(2) Стручното оспособување за цивилни професии заради подготовка за враќање во цивилен живот се врши во Министерството за одбрана и Армијата.

(3) По исклучок на став (2) на овој член, стручното оспособување за цивилни професии заради подготовка за враќање во цивилен живот може да се врши и во образовни институции и стопански субјекти во Републиката.

(4) Начинот на стручното оспособување и усовршување од став (1) на овој член го пропишува министерот за одбрана.

**Член 211**

На активниот воен и цивилен персонал на кого службата во Армијата му престанала по негово барање или поради изречена дисциплинска мерка престанок на работен однос, односно губење на чин, не му припаѓа правото од член 209 став (1) од овој закон.

**Член 212**

Средствата за остварување на право на пакет за враќање во цивилен живот се обезбедуваат од Министерството за одбрана и од донации, согласно закон.

## XIX.ПРЕСТАНОК НА РАБОТНИОТ ОДНОС

**Член 213**

(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос во Министерството за одбрана, односно Армијата на Република Македонија во следниве случаи:

- по сила на закон, со исполнување на услови за остварување на право на старосна пензија;
- откажување на договор за вработување поради промени во актот на формацијата на Армијата, односно поради промени во актот за систематизација на Министерството за одбрана кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или укинување на формациското место, односно трансформација на организационите единици во Министерството за одбрана, а кои ќе предизвикаат потреба за намалување на бројот на персонал или поради неможност за развој во кариерата;
- по лично барање и
- со исполнување на други услови утврдени со овој закон;

(2) Решение за престанок на работниот однос од став (1) на овој член донесува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(3) Против решението од став (2) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од осум дена од денот на приемот на решението.

(4) Жалбата изјавена против решението за престанок на работен однос од ставот (1) алинеја 3 на овој член не го одложува извршувањето на решението.

**Член 214**

(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на старосна пензија, со навршување на 40 години пензиски стаж.

(2) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на старосна пензија и со навршени 55 години возраст за мажи (50 години возраст за жени) и 35 години пензиски стаж (30 години пензиски стаж за жени), од кои најмалку 20 години пензиски стаж остварен во Министерството за одбрана односно Армијата на Република Македонија.

(3) На офицерите со генералски чин им престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија со наполнети најмалку 40 години пензиски стаж и:

1. 57 години возраст – бригаден генерал,
2. 58 години возраст – генерал-мајор,
3. 59 години возраст – генерал потполковник
4. 60 години возраст – генерал на Армија.

(4) Доколку по завршувањето на мандатот, началникот на Генералштабот на Армијата не ги исполнува условите за престанок на работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија, се упатува во дипломатска мисија на Република Македонија во странство.

(5) По исклучок од ставовите 1 до 3 на овој член, доколку активниот воен и цивилен персонал извршува должност е определена со закон и трае подолго од годините на возраст за престанок на работен однос по сила на закон, работниот однос им престанува по завршување на функцијата.

(6) Во случај на престанок на работниот однос од став (2) на овој член Министерството за одбрана врши докуп на стажот до 40 години пензиски стаж.

(7) Пензијата согласно овој член е во висина од најмалку 80% од просечната нето плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж.

**Член 215**

(1) На активниот воен и цивилен персонал може да му престане работниот однос со откажување на договор за вработување во следните случаи:

- кога ќе настанат промени во актот за формација на Армијата, односно поради промени во актот за систематизација на Министерството за одбрана кои предизвикуваат укинување на единицата, командата, штабот или укинување на формациското место, односно трансформација на организационите единици во Министерството за одбрана, а воениот старешина офицер, односно подофицер и цивилен персонал во рок од 90 дена од денот на завршување на трансформацијата на командата/единицата, односно организациската единица, нема можност да биде поставен на друго формациско, односно работно место или го одбие понуденото поставување;
- не ги исполнува условите за унапредување во кариера, согласно критериумите за развој во кариера на офицерите и подофицерите.

(2) Критериумите за развој во кариера на офицерите и подофицерите ги пропишува министерот за одбрана со посебен акт.

(3) Во случаите од ставот (1) на овој член на воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал, им се обезбедува стекнување на право на пензија со најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години остварен во Армијата на Република Македонија, без оглед на возраста, доколку не исполнува услови за старосна пензија.

(4) Ако воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал нема најмалку 25 години пензиски стаж од кои најмалку 15 години остварен

во Армијата на Република Македонија, Министерството за одбрана им обезбедува вработување кај друг работодавач, државен орган, јавно претпријатие, јавна установа, единица на локалната самоуправа и градот Скопје, фондови, агенции, заводи и други правни лица основани со закон, без огласување на работното место, со преземање и склучување договор за работа, на работно место кое одговара на нивната стручна подготовка, односно квалификација.

(5) Во случај на воениот старешина - офицер, односно подофицер и цивилен персонал да не може да им се обезбеди вработување во смисла на ставот (3) на овој член, Министерството за одбрана ги упатува на стручно оспособување за цивилни професии, со право на исплата на еднократен паричен надоместок во висина утврдена со овој закон.

(6) Во случај на откажување на договор за вработување согласно ставот 1 од овој член Министерството е должно да го извести репрезентативниот Синдикат за намерата за донесување на одлука за откажување на договорот за вработување на поголем број на персонал, причините за престанување на потребите од работа на истите, предвидениот број и категорија на вишок на персонал и рокот во кој ќе престане потребата од работа на персоналот.

(7) Известувањето од ставот (2) на овој член треба да се достави најдоцна 30 дена пред донесување на одлуката за откажување на договорот за вработување поради деловни причини на поголем број на персонал.

(8) По завршување на активностите од овој член, Министерството задолжително писмено ја известува службата надлежна за посредување при вработување за откажување на договорот за вработување, предвидениот број и категорија на вишок на персонал и рокот во кој ќе престане потребата од работа на персоналот.

**Член 216**

Висината на пензијата од членот 215 став (3) на овој закон се утврдува во зависност на должината на исполнетиот пензиски стаж, а пензиската основица во висина од 80%, се намалува за 0,5% за секоја година пензиски стаж пократок од 40 години.

**Член 217**

Мерки кои треба да ги преземе Министерството за да го спречат или сведат на најмала мерка откажувањето на договорот за вработување се:

- ограничување на нови вработувања;
- утврдување на намалување на бројот на прием на воен и цивилен персонал на одреден временски период, како би се овозможило природен одлив на работната сила по основ на исполнување на услови за пензионирање, со доброволно раскинување на договорот за вработување и слично;
- ограничување на прекувремената работа.

**Член 218**

Министерството е должно активниот воен и цивилен персонал на кој ќе им престане работниот однос со откажување на договорот за вработување, да ги извести најдоцна три месеци пред откажувањето на договорот за вработување.

**Член 219**

(1) Во случаи на престанок на работниот однос со откажување на договор за вработување, а не се исполнети условите од член 221 став (3) и став (4), Министерството е должно на активниот воен и цивилен персонал да му исплати еднократен паричен надомест во висина од три месечни нето плати од нето платата која му е исплатена во последниот месец пред откажување на договорот, за секоја година пензиски стаж.

(2) Надоместокот од став 1 се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**Член 220**

(1) Во случај на престанок на работниот однос на активниот воен и цивилен персонал по лично барање, отказниот рок може да изнесува од еден до три месеци од денот на поднесувањето на барањето за што одлучува министерот за одбрана или од него овластено лице.

(2) Доколку постојат неисполнети обврски утврдени со договорот за стручно оспособување и усовршување, барателот е должен на Министерството за одбрана да му ги надомести трошоците сторени за стручно оспособување и усовршување, сразмерно на неисполнетиот дел од обврската.

(3) За време на траење на отказниот рок активниот воен и цивилен персонал има права и обврски од работен однос.

**Член 221**

Други услови за престанок на работниот однос на активниот воен и цивилен персонал се:

- ако ја загуби здравствената и физичката способност за служба во Армијата и нема општа здравствена способност за работа - со денот на конечноста на решението за утврдување на здравствената и физичката способност;
- ако му е изречена дисциплинска мерка престанок на работниот однос или губење чин - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос односно губење на чинот;
- ако при оценувањето двапати едноподруго биде оценет со оценка "еден" за најмалку еден критериум за оценување - со денот на конечноста на решението за престанок на работниот однос;
- ако неоправдано изостане од работа три последователни работни дена или пет работни дена во текот на една година;

- со истекот на договорот за работа за професионалниот војник, доколку истиот не му се продолжи;
- со одземање на безбедносниот сертификат, доколку во рок од 2 (две) години по одземањето на сертификатот со правосилна одлука на надлежен државен орган, не му биде вратен безбедносниот сертификат, или не добие друг соодветен степен на безбедносен сертификат;
- ако го одбие понуденото вработување кај друг работодавач без огласување, со преземање и склучување договор за вработување за вршење работа која одговара на неговата стручна подготовка.
- кога со правосилна одлука му е забрането да врши определени работи од работниот однос или ако му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, поради која не може да врши работи подолго од шест месеци или ќе мора заради издржување на казна затвор да отсуствува од работа повеќе од шест месеци со денот на врачувањето на правосилната пресуда за изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, односно со денот на започнувањето на издржувањето на казната затвор.
- ако при приемот или во текот на службата, воениот и цивилниот персонал прикрил или дал невистинити податоци или приложил лажна документација, кои биле од влијание за прием или за професионален развој;

**Член 222**

Доколку на воениот и цивилниот персонал му престане работниот однос во Министерството за одбрана согласно членот 221 став (1) алинеа 6, му се обезбедува стекнување на право на пензија со најмалку 25 години пензиски стаж согласно член 215 став 3, вработување кај друг работодавач, државен орган, јавно претпријатие, јавна установа, единица на локалната самоуправа и градот Скопје, фондови, агенции, заводи и други правни лица основани со закон, без огласување на работното место, со преземање и склучување договор за работа, на работно место кое одговара на нивната стручна подготовка, односно квалификација.

**Член 223**

(1) На активниот воен и цивилен персонал му престанува работниот однос со откажување на договорот за вработување кога со правосилна одлука му е забрането да врши определени работи работниот однос или ако му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност, поради која неможе да врши работи подолго од една година, или ќе мора заради издржување на казна затвор да отсуствува од работа повеќе од една година

(2) Во случајот од став (1) на овој член, на активниот воен и цивилен персонал му се откажува договорот за вработување во Министерството со денот на врачување на правосилната пресуда, односно со денот на започнување на издржување на казната затвор.

**Член 224**

(1) На активниот воен и цивилен персонал може да му престане работниот однос со откажување на договор за вработување од деловни причини (економски, технолошки, структурални или слични промени) во случај кога во Министерството и Армијата се воведуваат нови промени во структурата, реорганизацијата, програмата и технологијата согласно актот за систематизација и актот за формација, а кои ќе предизвикаат потреба за намалување на бројот на персонал.

(2) Во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини, Министерството е должно да го извести репрезентативниот Синдикат за намерата за донесување на одлука за откажување на договорот за вработување од деловни причини на поголем број на персонал, причините за престанување на потребите од работа на истите, предвидениот број и категорија на вишок на персонал и рокот во кој ќе престане потребата од работа на персоналот.

(3) Известувањето од ставот (2) на овој член треба да се достави најдоцна 30 дена пред донесување на одлуката за откажување на договорот за вработување поради деловни причини на поголем број на персонал.

(4) По завршување на активностите од овој член, Министерството задолжително писмено ја известува службата надлежна за посредување при вработување за деловни причини за откажување на договорот за вработување, предвидениот број и категорија на вишок на персонал и рокот во кој ќе престане потребата од работа на персоналот.

**Член 225**

Мерки кои треба да ги преземе Министерството за да го спречат или сведат на најмала мерка откажувањето на договорот за вработување поради деловни причини (економски, технолошки или слични промени) се:

- ограничување на нови вработувања;
- утврдување на намалување на бројот на работниците на одреден временски период, како би се овозможило природен одлив на работна сила по основ на исполнување на услови за пензионирање, со доброволно раскинување на договорот за вработување и слично;
- внатрешно прераспоредување на работниците кои се утврдени за технолошки вишок, вклучувајќи и распоредување на работни места во организациски единици надвор од местото на нивното живеалиште, со согласност на работниците;
- доосспособување и преквалификација, и
- ограничување на прекувремената работа.

**Член 226**

(1) Министерството е должно на активниот воен и цивилен персонал на кој ќе им престане работниот однос поради деловни причини (економски, технолошки или слични промени), да ги извести најдоцна еден месец во случаи на поединечен престанок на договорот за вработување или во случај на престанок на помал број работници, а три месеци во случаи на престанок на работниот однос на повеќе од 150 работници или 5% од вкупниот број на вработени во Министерството и Армијата пред престанок на договорот за вработување.

(2) Министерството може на активниот воен и цивилен персонал на кои ќе им престане работниот однос поради деловни причини, да му обезбеди стручно

оспособување (обука, преквалификација или доквалификација за цивилни професии), доколку обезбедени средства за таа намена во буџетот на Министерството.

**Член 227**

(1) Во случаи на откажување на договор за вработување од деловни причини, Министерството е должно на активниот воен и цивилен персонал да му исплати испратнина, односно еднократен надомест во висина на нето плата за секои три години работен стаж во Министерството, чиј износ не може да биде повисок од десет нето плати на работникот.

(2) Основицата за пресметка на испратнината од ставот (1) на овој член, е просечната нето плата на работникот исплатена во последните шест месеци пред отказот.

(3) Испратнината се исплатува со денот на престанок на работниот однос.

**Член 228**

Во случај на откажување на договор за вработување од деловни причини (економски, технолошки или слични промени), активниот воен и цивилен персонал може да оствари право на пензија согласно одредбите од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

**Член 229**

(1) При заминувањето во пензија на офицерите со генералски чин се организира посебна свеченост.

(2) Начинот и постапката од став (1) на овој член ги пропишува началникот на Генералштабот на Армијата.

## XX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 230**

(1) На активниот воен и цивилен персонал кој на денот на влегување во сила на овој закон има повеќе од 55 години возраст и навршени повеќе од 32 години пензиски стаж, му престанува работниот однос по сила на закон со остварување на право на пензија.

(2) Во случај на престанок на работниот однос на лицата од став (1) на овој член Министерството за одбрана врши докуп на стажот до 40 години пензиски стаж на Република Македонија.

(3) Пензијата согласно овој член е во висина од 80% од просечната нето плата што активниот воен и цивилен персонал ја остварил во текот на најповолните 10 години од пензискиот стаж.

**Член 231**

(1) Подзаконските и другите акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегување во сила на овој закон.

(2) До донесување на подзаконските и другите акти од став (1) на овој член ќе продолжат да се применуваат подзаконските и другите акти кои важеле до денот на влегување во сила на овој закон.

**Член 232**

Со денот на влегување во сила на овој закон престанува да важи Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Сл.весник на Република Македонија" бр.36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15 и 193/15 и 71/16).

**Член 233**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".